| **Задача** | **Активност** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | **Носител** | **Ресурсри** | **Очекувани резултати** | **Тим за следење на реализација на активностите** | **Индикатори за успех** |
| 1 | 1.1 | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Директор, секретар | | Во прилог | Директор | Решени имотно правни односи |
| 2 | 2.1, 2.2, 2.3, 2.4, 2.5, 2.6 | x | x | x | x | x | | | | | | | | Директор, тим | | Во прилог | Директор хаусмајстори | Изградена медиотека |
| 3 | 3.1, 3.2, 3.3, 3.4 | x | x | x | x | | | | | | | | | Директор, тим | | Во прилог | Директор, хаусмајстори | Приспособен кабинет по ПН |
| 4 | 4.1, 4.2, 4.3, 4.4 | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Директор, ППС | | Во прилог | Директор ППС | Современа настава |
| 5 | 5.1, 5.2 | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Директор, ППС | | Во прилог | Директор | Вработување дефектолог |
| 6 | 6.1, 6.2, 6.3, 6.4 | | | | | | x | x | x | x | x | x | x | Директор, тим | | Во прилог | Директор, хаусмајстори | Современо уреден паркинг |
| 7 | 7.1, 7.2, 7.3, 7.4 | x | x | x | | | | | | | | | | Директор, тим | | Во прилог | Директор, хаусмајстори | Хортикултурно уреден двор |
| 8 | 8.1, 8.2, 8.3, 8.4 | | | | | | x | x | x | x | x | x | x | Директор, тим | | Во прилог | Директор, хаусмајстори | Изградено игралиште |
| 9 | 9.1, 9.2, 9.3, 9.4, 9.5 | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Директор, тим | | Во прилог | Директор, Горан М. | Изградена настрешница |
| 10 | 10.1, 10.2, 10.3, 10.4, 10.5 | x | x | x | x | | | | | | | | | Директор, тим | | Во прилог | Директор, Димче Д. | Реновирана училница |
| 10 | 11.1, 11.2, 11.3, 11.4 | x | x | | | | | | | | | | | Директор, тим | | Во прилог | Директор, хасмајстори | Поставена ограда |

## 7.1. План за евалуација на акциските планови

***Одговорен за следење***

Одговорни за следење се директорот и соодветниот тим за секоја приоритетна задача.

***Критериум за успех***

Доколку целосно се реализираат барем половина од поставените приоритети, а делумно некои од нив, ќе сметаме дека училиштето успешно работело на промена на подрачја и приоритети во учебната 2024/25 година.

***Инструменти***

За следење на реализацијата на акционите планови ќе се користат најразлични чек и евалуациони листи, редовни состаноци, дискусии, извештаи, докази. Многу често инструмент за следење ќе бидат увидите кои ќе ги прави директорот, ППС или одговорното лице.

***Индикатори за успешност***

Со добивањето имотен лист за училиштето, ќе се отворат можности за аплицирање и добивање финансиски средства за реализација на проекти и подобрување на просторните услови за работа во училиштето.

Со изградба на медиотека и приспособување на кабинет за природни науки ќе се осовремени и подобри наставата во училиштето.

Со вложување во професионалниот развој на воспитно – образовниот кадар, очекуваме да се зголеми нивниот капацитет, нивните компетенции и да се подобри квалитетот на наставата, а со тоа да се зголемат и подобрат и знаењата на учениците.

Со обезбедување дополнителен стручен кадар во училиштето – дефектолог, очекуваме да се даде поддршка на учениците со посебни образовни потреби, како и помош и поддршка и на нивните родители, се со цел обезбедување можности за нивно индивидуално развивање и целосна инклузија во училиштето и во редовната настава.

Со уредување на паркингот на училиштето во Лескоец ќе се зголеми безбедноста на учениците и наставниците, ќе се подобри функционалноста на паркингот и естетскиот изглед на истиот.

Со хортикултурното уредување на дворот позади училиштето учениците ќе добијат сигурен простор за рекреација за време на одморите.

Со изградба на мултифункционалното игралиште во Лескоец очекуваме поквалитетно изведување на наставата по ФЗО, заштита на учениците од сообраќај и развивање на спортскиот дух кај учениците.

Со изградба на настрешница во ПУ Куратица кај влезот се очекува да се подобрат хигиенските услови и безбедноста на учениците во Куратица.

Со реновирање на училницата за продолжен престој во ПУ Косел се очекува да се подобрат условите за работа и за продолжен престој во училиштето.

Со поставување заштитна ограда на скалите на влезот од училишната зграда во Лескоец, ќе се зголеми безбедноста во училиштето.

***Повратна информација***

Добиени информации од учениците, родителите и наставниците преку анкетни прашалници и секојдневни разговори за значењто на постигнатите цели и задоволството од постигнатите промени во училиштето. Спроведена самоевалуација на училиштето на секои две години.

## 8. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

| СЕПТЕМВРИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| Вторник | | 3 | 10 | 17 | 24 | |
| Среда | | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| Четврток | | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| Петок | | 6 | 13 | 20 | 27 | |
| Сабота | | 7 | 14 | 21 | 28 | |
| Недела | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | |

| ОКТОМВРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| Вторник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| Среда | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| Четврток | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |
| Петок | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| Сабота | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| Недела | 6 | 13 | 20 | 27 | |

| НОЕМВРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 4 | 11 | 18 | 25 |
| Вторник | | 5 | 12 | 19 | 26 |
| Среда | | 6 | 13 | 20 | 27 |
| Четврток | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| Петок | 1 | 8 | 15 | 21 | 29 |
| Сабота | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| Недела | 3 | 10 | 17 | 24 | |

| ДЕКЕМВРИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| Вторник | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |
| Среда | | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| Четврток | | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| Петок | | 6 | 13 | 20 | 27 | |
| Сабота | | 7 | 14 | 21 | 28 | |
| Недела | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | |

| ЈАНУАРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 6 | 13 | 20 | 27 |
| Вторник | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| Среда | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| Четврток | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| Петок | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |
| Сабота | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| Недела | 5 | 12 | 19 | 26 | |

| ФЕВРУАРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 3 | 10 | 17 | 24 |
| Вторник | | 4 | 11 | 18 | 25 |
| Среда | | 5 | 12 | 19 | 26 |
| Четврток | | 6 | 13 | 20 | 27 |
| Петок | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| Сабота | 1 | 8 | 15 | 22 | |
| Недела | 2 | 9 | 16 | 23 | |

| МАРТ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |
| Вторник | | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| Среда | | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| Четврток | | 6 | 13 | 20 | 27 | |
| Петок | | 7 | 14 | 21 | 28 | |
| Сабота | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | |
| Недела | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | |

| АПРИЛ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| Вторник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| Среда | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| Четврток | 3 | 10 | 17 | 24 | |
| Петок | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| Сабота | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| Недела | 6 | 13 | 20 | 27 | |

| МАЈ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 5 | 12 | 19 | 26 |
| Вторник | | 6 | 13 | 20 | 27 |
| Среда | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| Четврток | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| Петок | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| Сабота | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |
| Недела | 4 | 11 | 18 | 25 | |

| ЈУНИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| Вторник | | 3 | 10 | 17 | 24 | |
| Среда | | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| Четврток | | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| Петок | | 6 | 13 | 20 | 27 | |
| Сабота | | 7 | 14 | 21 | 28 | |
| Недела | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | |

| Ден во седмицата | I | II | крај |
|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | 16 | 19 | 35 |
| ВТОРНИК | 18 | 21 | 39 |
| СРЕДА | 16 | 20 | 36 |
| ЧЕТВРТОК | 17 | 19 | 36 |
| ПЕТОК | 16 | 18 | 34 |
| САБОТА | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | 83 | 97 | 180 |

- Државни празници на РМ
- Неработни денови за верниците од православна исповед
- Зимски пролетен и летен распуст на учениците
- 10 Мај – патронен празник на училиштето
- 21 Март – Ден на екологијата – наставен ден (посебна програма)
- Излет со сите ученици од училиштето

## 8.2. Поделба на одделенско раководство, поделба на часовите на наставниот кадар

### ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ЛЕСКОЕЦ

| Ред. број | Име и презиме | А н г а ж и р а н о с т |
|---|---|---|
| 1. | **Сашо Климоски**<br>директор | Директор на училиштето и член на училишниот инклузивен тим. |
| 2. | **Весна Терзиоска**<br>дипломиран педагог | Училишен педагог, член на комисијата за професионална ориентација; претседател на тимот за професионален развој; член на СИТ-от од Проектот МИОМ; член на инклузивниот тим во училиштето; одговорна за Проектот Редовност од МТСП, член на Еразмус+ тимот; член на тимот за проектот „Зелен Центар“; и член во Училишен одбор. |
| 3. | **Александра Трпеска**<br>дипломиран психолог | Училишен психолог, член на комисијата за професионална ориентација; член на тимот за професионален развој; член на инклузивниот тим во училиштето; одговорна за Проектот МИОМ; член на тимот од проектот Редовност од МТСП и член на тимот од Проектот за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. |
| 4. | **Маја Наумова**<br>библиотекар | Библиотекар во училишната библиотека и член на Еко Одборот. |
| 5. | **Жаклина Трипунова**<br>професор во одделенска настава | Одделенски раководител на Iа; член на комисија за Априлијада. |
| 6. | **Ана Ристевска**<br>професор во одделенска настава | Одделенски раководител на Iб; член на комисија за Априлијада. |
| 7. | **Силвана Смическа**<br>професор во одделенска настава | Одделенски раководител на IIа; изведува додатна настава по математика и член на комисијата за Априлијада. |
| 8. | **Елеонора Ѓорѓиеска**<br>професор во одделенска настава | Одделенски раководител на IIб; изведува додатна настава по математика и член на комисијата за Априлијада. |
| 9. | **Јасна Бадалоска**<br>професор во одделенска настава | Одделенски раководител на IIIа; претседател на активот од одделенска настава; изведува додатна настава по математика и член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата. |
| 10. | **Елизабета Јанеска**<br>професор во одделенска настава | Одделенски раководител на IIIб; изведува додатна настава по математика и член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата. |

| | | |
|---|---|---|
| **11.** | **Марија Крцоска**<br>професор во одделенска настава | Одделенски раководител на IVa; реализира додатна настава по математика; член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата; одговорна за Детска организација. |
| **12.** | **Марјана Крстаноска**<br>професор во одделенска настава | Одделенски раководител на IVб; реализира додатна настава по математика; член на тимот за МИОМ; член во Училишен одбор и член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата и одговорна за Училишен клуб од Црвен крст. |
| **13.** | **Орнела Усовиќ**<br>професор во одделенска настава | Одделенски раководител на Va; реализира додатна настава по математика; член на комисија за Априлијада. |
| **14.** | **Татијана Симиџиоска**<br>професор во одделенска настава | Одделенски раководител во Vб; реализира додатна настава по математика; член на комисија за Априлијада. |
| **15.** | **Дијана Димитријевска**<br>професор по англиски јазик<br>вкупно 20 часа | Изведува настава по **АНГЛИСКИ ЈАЗИК** во: IIa,б (4 часа), IIIa,б (4 часа), IVa,б (6 часа), Va,б (6 часа); изведува додатна настава по англиски јазик во V и член на комисијата за Априлијада. |
| **16.** | **Петар Киселинов**<br>професор во ФЗО<br>вкупно 21 час | Изведува настава по ФЗО во Ia,б (6 часа), IIIб (3 часа), IVa,б (6 часа), Va,б (6 часа); член на комисијата за Априлијада; претседател на активот од вештини; води *Спортска секција во одделенска настава*; и дел од тимот за подготовка на учениците од училиштето за учество на спортски натпревари на општинско и регионално ниво. |
| **17.** | **Емилија Блажеска**<br>професор по македонски јазик<br>вкупно 20 часа | Одделенски раководител на VIa; изведува настава по **МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** во: VIa,б (8 часа), VIIa,б (8 часа), и VIIIб (4 часа); изведува додатна настава во VI; член на комисијата за за одбележување на Денот на екологијата; заменик записничар за Наставнички совет; член на тимот од МИОМ. |
| **18.** | **Татјана П. Бунчевска**<br>професор по географија<br>Понеделник, вторник, четврток и петок - Лескоец<br>среда - Косел<br>вкупно 21 час | Одделенски раководител на VIб;<br>Изведува настава по:<br>**ГЕОГРАФИЈА** во: VIIa, б (4 часа), VIIIa,б (4 часа), IXa,б (4 часа) и во VII, VIII и IX во ПУ Косел (6 часа);<br>**ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО (Модул Географија)** во VIa,б (2 часа) и во VI Косел (1 час); изведува додатна настава по географија во VIII Лескоец и IX Косел; води *Еколошка секција*; одговорна за проектот со „Зелен Центар"; член во Училишен одбор и член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата. |

| | | |
|---|---|---|
| **19.** | **Наталија Јованова**<br>професор по ФЗО<br><br>вкупно 21 час | Одделенски раководител на VIIа;<br>изведува настава по **ФЗО** во: VIа,б (6 часа), VIIа,б (6 часа), VIIIа (3 часа), IXа,б (6 часа); изведува додатна настава по ФЗО во VII; член на комисијата за Априлијада; води *Спортска секција во предметна настава* и дел од тимот за подготовка на учениците од училиштето за учество на спортски натпревари на општинско и регионално ниво. |
| **20.** | **Цвета Андреска**<br>професор по математика и физика<br><br>вкупно 21 час | Одделенски раководител на VIIб; Изведува настава по: **МАТЕМАТИКА** во: VIа (5 часа), VIIа,б (8 часа); **ФИЗИКА** во: VIIIа,б (4 часа) и во IXа,б (4 часа); додатна настава по математика во VI; води секција „Млади физичари" и член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата. |
| **21.** | **Жаклина П. Митковска**<br>професор по германски јазик<br><br>понеделник, вторник, среда и четврток - Лескоец<br>петок - Косел<br><br>вкупно 20 часа | Одделенски раководител на VIIIа; Изведува настава по **ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК** во:<br>VIа,б (4 часа), VIIа,б (4 часа), VIIIа,б (4 часа) и во IXа,б (4 часа); во ПУ Косел во VIII и IX (4 часа); изведува додатна настава по германски јазик во VI Лескоец и IX Косел; води *секција Љубители на германскиот јазик* и член на комисијата за Новогодишната приредба и базар. |
| **22.** | **Весна Симоноска**<br>професор по математика<br><br>вкупно 21 час | Одделенски раководител на VIIIб; Изведува настава по **МАТЕМАТИКА** во: VIб (5 часа), VIIIа,б (8 часа), IXа,б (8 часа); изведува додатна настава по математика во VI**;** изготвувач на распоредот на часови за редовна настава во Лескоец и член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата. |
| **23.** | **Елизабета Велјаноска**<br>професор по македонски јазик<br><br>среда и петок - Куратица<br>понеделник, вторник и четврток - Лескоец<br><br>вкупно 20 часа | Одделенски раководител на IXа;<br>изведува настава по **МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** во:<br>ПУ Куратица во VI/VII (4 часа); во VI Косел (4 часа); во Лескоец во VIIIа (4 часа); IXа,б (8 часа); изведува додатна настава во IX во Лескоец и VI во Косел; води литературно – рецитаторска секција во ПУ Куратица; член на комисијата за Патронен празник на училиштето и записничар на Наставнички совет. |
| **24.** | **Елисабета Настоска**<br>професор по англиски јазик<br><br>вкупно 21 час | Одделенски раководител на IXб; Изведува настава по **АНГЛИСКИ ЈАЗИК** во: VIа,б (6 часа), VIIа,б (6 часа), VIIIа (3 часа) и во IXа,б (6 часа); изведува додатна настава по англиски јазик во IX; одговорна на Еразмус+ клубот со ученици и член на комисијата за Новогодишната приредба и базар. |
| **25.** | **Елена Ел-Нади**<br>професор по биологија | Изведува настава по:<br>**ПРИРОДНИ НАУКИ** во VIа,б (6 часа);<br>**БИОЛОГИЈА** во: VIIа,б (4 часа), VIIIа,б (4 часа) и |

| | | |
|---|---|---|
| | вкупно 20 часа | во IXа,б (4 часа); **СИП 1 и 2** во VIIа (2 часа); изведува додатна настава по биологија VIII; води *Еколошка секција*; одговорна за "Прва помош и заштита"; член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата; член на тимот од Проектот за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем; член на тимот за проектот „Зелен Центар". |
| **26.** | **Миле Аврамоски**<br>професор по ТО<br>понеделник, среда и петок<br>вкупно 10 часа + 3 часа ЕСАРУ | Изведува настава по:<br>**ТО задолжителен** во: Vа,б (4 часа);<br>**ТО И ИНФОРМАТИКА** во: VIа и VIб (4 часа);<br>**ИНОВАЦИИ** во IXа,б (2 часа);<br>одговорен за ЕСАРУ; и член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата. |
| **27.** | **Горан Матески**<br>наставник по информатика<br>понеделник - Куратица<br>вторник - Косел<br>среда, четврток и петок - Лескоец<br>8 ТО и информатика задолжителен<br>6 ПИ изборен<br>6 Програмирање<br>вкупно 20 часа | Раководител на ПУ Куратица; Изведува настава по: **ТО И ИНФОРМАТИКА задолжителен** во: Лескоец во VIIа,б (2 часа); ПУ Косел VI (2 часа) и VII (1 час); ПУ Куратица VI/VII (3 часа); **ПРОЕКТИ ОД ИНФОРМАТИКА изборен** во: VIIIа,б (4 часа) и VIII Косел (2 часа); **ПРОГРАМИРАЊЕ изборен** во IXа,б (4 часа) и IX ПУ Косел (2 часа); изведува додатна настава по Програмирање IX ПУ Косел; води секција за *3Д моделирање/печатење*; и член на комисијата за Патронен празник на училиштето. |
| **28.** | **Зорица Азеска Спасеска**<br>професор по ликовно образование<br>понеделник и среда – Лескоец<br>вторник – Косел<br>четврток – Косел<br>петок – ООУ „Григор Прличев"<br>вкупно 17 часа + 4 во ООУ „Григор Прличев" | Изведува настава по **ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** во Лескоец во: VIа,б (2 часа), VIIа,б (2 часа), VIIIа,б (2 часа) и во IXа,б (2 часа); во ПУ во Косел во VI, VII, VIII  и IX (4 часа), во ПУ во Куратица во VI/VII (1 час); **СИП 1 и 2** во VIIб (2 часа) и во VII Косел (2 часа); изведува додатна настава по ЛО во VII Лескоец и VIII Косел; води *Ликовна секција*; член на комисијата за Патронен празник на училиштето. |
| **29.** | **Тони Ѓоргиевски**<br>наставник по музичко образование<br>вторник, среда и петок - Лескоец<br>четврток – Косел и Куратица<br>понеделник - Пештани<br>13 часа задолжителни + 2 хор (1 Лескоец и 1 Косел) и оркестар (1 Лескоец и 1 Косел) | Изведува настава по **МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ** во: VIа,б (2 часа), VIIа,б (2 часа), VIIIа,б (2 часа) и во IXа,б (2 часа); во ПУ во Косел во: VI, VII, VIII и IX (4 часа), во ПУ во Куратица во: VI/VII (1 час); изведува додатна настава по МО во VI Косел; го води училишниот **ХОР** (2 часа) и училишниот **ОРКЕСТАР** (2 часа); член на комисијата за Новогодишна приредба и базар. |
| **30.** | **Христина Мојсовска**<br>наставник по историја<br>вкупно 16 часа | Изведува настава по<br>**ИСТОРИЈА** во Лескоец во VIа,б Лескоец (4 часа), VIIа,б (4 часа),<br>VIIIа,б (4 часа) и IXа,б (4 часа); изведува додатна настава по Историја во IX Лескоец. |

## ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ КОСЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Билјана Танеска**<br>професор во одделенска настава | Изведува настава во I и II; изведува додатна настава по математика во II; одговорна на ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА за ПУ Косел; член на комисијата за Новогодишна приредба и базар. |
| **2.** | **Мирјана Митреска**<br>професор во одделенска настава | Изведува настава во III одделение; изведува додатна настава по математика во III; и член на комисија за Априлијада. |
| **3.** | **Даниела Чифлигароска**<br>професор во одделенска настава | Изведува настава во IV и V; изведува додатна настава по математика во IV и V; одговорна на Клубот ЦК за ПУ Косел; член на комисија за Априлијада. |
| **4.** | **Ивана Најдеска Јосифоска**<br>наставник по математика<br>среда – Куратица<br>понеделник, вторник, четврток и петок - Косел<br>вкупно 22 часа | Одделенски раководител на VI Косел; изведува настава по: **МАТЕМАТИКА** во ПУ Косел во VI, VII, VIII и IX (17 часа), во VI/VII во ПУ Куратица (5 часа); изведува додатна настава по математика во IX ПУ Косел; изготвувч на распоред за ПУ Косел; и член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата |
| **5.** | **Тони Црвенкоски**<br>професор по историја<br>понеделник и петок – Косел<br>петок - Куратица<br>ПУ – 10 часа<br>вкупно 10 часа | Одделенски раководител на VII Косел; Изведува настава по:<br>**ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО (Модул Историја и Граѓанско образование)** во VI Косел (2 часа); **ИСТОРИЈА** во VII Косел (2 часа), VIII Косел (2 часа), IX Косел (2 часа); (Историја/модул Историја и ГО) VI/VII ПУ Куратица (2 часа); изведува додатна настава по историја во VII во Косел; член на комисија за одбележување на Денот на екологијата и претседател на активот за општествено – јазична група предмети. |
| **6.** | **Димче Донески**<br>професор по македонски јазик<br>вкупно 12 часа + 4 часа во библиотека | Раководител на ПУ Косел; Одделенски раководител на VIII ПУ Косел; Изведува настава по **МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** во ПУ Косел во VII, VIII и IX (12 часа); и ангажиран со 4 часа во библиотеката во ПУ Косел; изведува додтна настава во IX Косел; води *Драмска секција* во ПУ Косел и член на комисијата за Патронен празник на училиштето. |
| **7.** | **Љубица Тодороска**<br>професор по биологија и хемија<br>понеделник и петок – Лескоец<br>вторник и среда – Косел<br>четврток - Куратица<br>12 Хемија<br>2 ПН<br>6 Биологија | Одделенски раководител на IX ПУ Косел; Изведува настава по:<br>**ХЕМИЈА** во: Лескоец VIIIа,б (4 часа) и во IXа,б (4 часа), во VIII и IX Косел (4 часа) и **БИОЛОГИЈА** во VII, VIII И IX Косел (6 часа); **ПРИРОДНИ НАУКИ** во V Косел (2 часа); изведува додана настава по хемија во VIII Лескоец и VIII Косел; *води Еколошка секција во ПУ Косел*; претседател на активот од природно – математичка група на предмети; и член на комисијата за |

| | | |
|---|---|---|
| | вкупно 20 часа | одбележување на Денот на екологијата. |
| **8.** | **Татјана Паскали**<br>професор по англиски јазик<br><br>вторник, среда и четврток – Лескоец<br>понеделник, четврток и петок - Косел<br><br>вкупно 21 час | Изведува настава по **АНГЛИСКИ ЈАЗИК** во ПУ Косел во:<br>I/II (2 часа), III (2 часа), во IV/V (3 часа), во VI, VII, VIII и IX (12 часа); Iб (2 часа); изведува додатна настава по англиски јазик во VII Косел; и член на комисијата за Патронен празник на училиштето. |
| **9.** | **Дарко Цветкоски**<br>наставник по ТО<br><br>2 ТО задолжителен<br>петок – Косел и Куратица<br><br>вкупно 2 часа | Изведува настава по **ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ задолжителен во:** ПУ Косел во: V (2 часа)<br><br>Доаѓа од СОУ „Св. Климент Охридски“ |
| **10.** | **Игор Настоски**<br>наставник по ФЗО<br><br>Вкупно 21 час | Изведува настава по **ФЗО** во: I/II Косел (3 часа), III (3 часа), IV/V (3 часа), VI, VII, VIII и IX во ПУ Косел (12 часа); изведува додана настава по ФЗО во VI Косел; води спортска секција во ПУ Косел; и член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата. |

**ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ КУРАТИЦА**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Билјана Балеска Мојсоска**<br>професор во одделенска настава | Изведува одделенска настава во I, II, III и IV одделение во ПУ Куратица; изведува додатна настава по математика во III; одговорна за Детска организација во ПУ Куратица и член на комисијата за Новогодишна приредба и базар. |
| **2.** | **Александра Петревски**<br>дипломиран филозоф<br><br>среда - Куратица<br>понеделник и четврток - Лескоец<br>вторник – Косел<br><br>Етика 4<br>СИП 8<br>Граѓанско образование 6<br>Иновации 1<br><br>вкупно 22 часа<br>19+3 Кочо Рацин | Одделенски раководител на VI/VII Куратица; Изведува настава по: **ЕТИКА задолжителен** во: VIIа,б (2 часа), во VII Косел (1 час); VII Куратица (1 час);<br>**СИП 1** и **СИП 2** во VIа,б (4 часа), во VI Косел (2 часа); VI/VII Куратица (2 часа); **ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ** во VIIIа,б (2 часа), во IXа,б (2 часа), во VIII Косел (1 час), IX Косел (1 час), Иновации во IX Косел (1 час); изведува додатна во VII Лескоец; одговорна за антикорупциска едукација; носител на Проектот за поттикнување демократската клима во училиштето; одговорна за Ученички парламент; одговорна за работилници за одржлив развој со Slow food; и член на комисија за одбележување на Денот на |

| | | |
|---|---|---|
| | | екологијата. |
| **3.** | **Владимир Наумоски**<br><br>понеделник и четврток – Куратица<br>вторник, среда и петок – Лескоец<br><br>вкупно 18 часа (6 часа во Куратица, 12 во Лескоец) | Изведува настава по **ФЗО** во ПУ Куратица во одделенска настава I – IV (3 часа); VI/VII (3 часа); во IIа,б (6 часа) и во IIIа (3 часа) и во VIIIб (3 часа); води *Спортска секција во ПУ Куратица*; дел од тимот за подготовка на учениците од училиштето за учество на спортски натпревари на општинско и регионално ниво; и член на комисијата за Априлијада. |
| **4.** | **Габриела Ѓоргиевска**<br>професор по биологија<br><br>понеделник – Косел<br>четврток – Куратица<br><br>ПН – 10<br><br>вкупно 10 часа + 10 часа во Григор | Изведува настава по: **ПРИРОДНИ НАУКИ** во Vа,б Лескоец (4 часа), во VI Косел (3 часа); и **ПРИРОДНИ НАУКИ/БИОЛОГИЈА** во VI/VII ПУ Куратица (3 часа); изведува додатна настава по ПН во VI Косел; води *Еколошка секција* во Куратица; и член на комисијата за одбележување на Денот на екологијата. |
| **5.** | **Александар Трифуноски**<br>наставник по географија<br><br>вторник – Куратица<br><br>вкупно 2 часа географија + 4 физика | Изведува настава по: **ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО (Модул географија)/ГЕОГРАФИЈА** во VI/VII Куратица (2 часа); ПУ Косел VIII (2 часа), IX (2 часа) изведува додатна настава по Физика во VII Косел. |
| **6.** | **Александра Вељаноска**<br>професор по германски јазик<br><br>петок – Куратица<br><br>вкупно 6 часа | Изведува настава по **ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК** во VI, VII во Косел (4 часа), VI/VII ПУ Куратица (2 часа)<br><br>Доаѓа од ООУ “Братство единство” |
| **7.** | **Соња Јолеска**<br>професор по англиски јазик<br>понеделник и вторник – Куратица<br>среда и четврток - Ливоишта<br><br>вкупно 11 часа | Изведува настава по англиски јазик во ПУ Куратица во: I/V (3 часа); VI/VII (3 часа) во Iа во Лескоец (2 часа) и и во VIIIб Лескоец (3 часа). |

### 8.3. Работа во смени

Во училиштето во Лескоец наставата се одвива во 2 смени, поради немање доволно училници за изведување настава во една смена. Смените се поделени според одделенија, во една смена се сите ученици од одделенска настава, додека во друга смена се учениците од предметна настава. Смените се менуваат на секои две недели.

Претпладневната смена во Лескоец започнува со работа во 7:45 и важи за сите од предметна настава, додека паралелките од одделенска настава

започнуваат во 08:00 часот. Втората смена за сите паралелки започнува во 13:30 часот. Големиот одмор и за одделенска и за предметна настава е 20 минути. Помеѓу секој час имаат мал одмор во времетраење од по 5 минути.

Во ПУ во Косел и Куратица наставата се изведува само во една смена и тоа во ПУ Косел со почеток во 07:30 часот, а завршува во 12:55 часот, додека во ПП Ливоишта и ПУ Куратица наставата започнува во 08:00 часот, а завршува во 13:55 часот. Наставниот час трае 40 минути, а имаат голем одмор во времетраење од по 20 минути.

За редот и дисциплината при изведувањето на воспитно – образовната работа организирано е дежурство. Дежураат по двајца или тројца наставници во смена. Дежурставата почнуваат 30 минути пред да почне наставата, а завршуваат со завршување на последниот час во смената. Учениците се прифаќаат 1 час пред почнување на наставата и 1 час по завршување на истата.

Во училиштето во Лескоец и во ПУ во Косел оваа учебна година ќе се организира продолжен престој за заинтересираните ученици.

## 8.4. Јазик на кој се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик |
|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 27 | / | / | / |
| Број на ученици | 255 | / | / | / |
| Број на наставници | 40 | / | / | / |

## 8.5. Проширена програма

Повикувајќи се член 40 од Законот за основно образование и следејќи ја потребата од родителите и учениците, ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец и оваа учебна година ќе реализира проширена програма за прифаќање на учениците.

Училиштето за учениците од I до III одделение ќе организира прифаќање и заштита на истите 1 час пред почетокот на наставата и задржување 1 час по завршување на наставата, во согласност со потребите на родителите. Одделенски наставници кои ќе бидат вклучени во проширената програма се следниве:

- Жаклина Трипунова Iа одделение
- Ана Ристевска Iб одделение
- Силвана Смическа IIа одделение
- Елеонора Ѓоргиеска IIб одделение
- Јасна Бадалоска IIIа одделение
- Елизабета Јанеска IIIб одделение
- Билјана Б. Мојососка – ПУ Куратица

- Билјана Танеска одделение – I и II одделение ПУ Косел
- Мирјана Митреска одделение – III одделение ПУ Косел.

Исто така следејќи го позитивното искуство од претходните години, во ООУ „Ванчо Николески“ и оваа година ќе организира продолжен престој за учениците од I – V одд., со цел давање помош и поддршка на учениците за дозавршување на нивните училишни обврски и завршување на нивните домашни задачи. Во рамки на програмата за продолжен престој, со која се опфатени ученици од I – V одд. (а поделени во соодветни групи) и од училиштето во Лескоец и од ПУ Косел, им се помага на учениците да ги совладаат предвидените наставни цели. Бројот на вклучени ученици е околу 60, секоја година. Наставниците кои ќе бидат ангажирани во продолжен престој ќе изготват своја програма на работа со групите, во која освен совладување на задолжителните наставни цели, пишувањето домашни задачи, ќе предвидат и воннаставни активности, како и учество во училишни културни или спортски манифестации.

## 8.6. Комбинирани паралелки

Во централното училиште во Лескоец наставата се изведува во чисти паралелки, а во подрачните училишта се изведува делумно во комбинирани, а делумно во чисти паралеки, и тоа:

- ПУ Косел одделенска настава е комбинирана (I и II) каде одделенски наставник е Билјана Танеска, а бројот на ученици изнесува 8 и (IV и V), каде одделенски наставник Даниела чифлигароска, а бројот на ученици е 8. Додека учениците од III одделение и од предметна настава учат во чисти паралелки;
- ПУ Куратица наставата е комбинирана на следниов начин: одделенска настава (I, II, III и IV) каде одделенски наставник е Билјана Б. Мојсоска и бројот на ученици е 6, а во предметна настава (VI и VII) и бројот на ученици е 3.

Вкупниот број на паралелки за оваа учебна година изнесува 27, од кои: 18 во Лескоец, 7 во ПУ Косел и 2 во ПУ Куратица.

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во нашето училиште

Од по 2 часа Како прв странски јазик се изучува англискиот јазик во сите одделенија од I – IX, со застапеност во I, II и III одделение, односно со застапеност со по 3 часа од IV до IX одделение. Сите ученици ќе го изучуваат англискиот јазик како прв странски јазик. Како втор странски јазик во училиштето се изучува германски јазик, со застапеност од по 2 часа по паралелка за учениците од VI до IX одделение и со него ќе бидат опфатени 115 ученици.

## 8.8. Реализација на ФЗО со учениците од прво до петто одделение

Во одделенска настава наставата ја изведуваат наставници по одделенска настава и четворица предметни наставници (по предметите: ФЗО во I, II, III, IV и V одделение, АНГЛИСКИ ЈАЗИК, ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРИРОДНИ НАУКИ).

Тандемите наставник по одделенска настава и наставник по ФЗО во I, II, III, IV и V одделение за оваа учебна година се следниве:

- Жаклина Трипунова и Петар Киселинов – во Ia во Лескоец
- Ана Ристевска и Петар Киселинов - во Iб во Лескоец
- Силвана Смическа и Владимир Наумоски – во IIa во Лескоец
- Елеонора Ѓорѓиеска и Владимир Наумоски – во IIб во Лескоец
- Јасна Бадалоска и Владимир Наумоски – во IIIa во Лескоец
- Елизабета Јанеска и Петар Киселинов – во IIIб во Лескоец
- Марија Крцоска и Петар Киселинов - IVa во Лескоец
- Марјана Крстаноска и Петар Киселинов – IVб во Лескоец
- Орнела Усовиќ и Петар Киселинов - Va во Лескоец
- Татијана Симиџиоска и Петар Киселинов - Vб во Лескоец
- Билјана Танеска и Игор Настоски – во I и II во ПУ Косел
- Мирјана Митреска и Игор Настоски – во III во ПУ Косел
- Даниела Чифлигароска и Игор Настоски – во IV, V ПУ Косел
- Билјана Б. Мојсоска и Владимир Наумоски – во одделенска во ПУ Куратица

## 8.9. Изборна настава

Во учебната 2024/25 година, нашето училиште организира изборна настава по следниве предмети:

- Учениците од IVa,б и IV одделение од ПУ Куратица ќе ги изучуваат Слободните Изборни Предмети (СИП 1 и СИП 2) различни во прво и второ полугодие: ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (I полугодие) и РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ (II полугодие).
- Учениците од Va,б ќе ги изучуваат Слободните Изборни Предмети (СИП 1 и СИП 2) различни во прво и второ полугодие: ТАНЦИ И ОРА (I полугодие) и РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ (II полугодие).
- Учениците од IV и V одделение од ПУ Косел ќе ги изучуваат Слободните Изборни Предмети (СИП 1 и СИП 2) различни во прво и второ полугодие: ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (I полугодие) и БОН-ТОН (II полугодие).
- Учениците од VI одделение во централното училиште и во ПУ Косел ќе ги изучуваат Слободните Изборни Предмети (СИП 1 и СИП 2) различни во прво и второ полугодие: РЕЛИГИИТЕ ВО СВЕТОТ (I полугодие) и ИМАМ ПРАВА (II полугодие).
- Учениците во VIIa, VIIб во Лескоец и во подрачните училишта ќе ги изучуваат Слободните Изборни Предмети (СИП1 и СИП2) различни во прво и второ полугодие.
- Учениците во VIIIa,б во Лескоец и VIII ПУ Косел ќе го изучуваат ПРОЕКТИ ОД ИНФОРМАТИКА
- Учениците од IXa,б во Лескоец и ПУ Косел ќе го изучуваат изборниот предмет ПРОГРАМИРАЊЕ.

Сите изборни наставни предмети се застапени по 2 часа неделно, односно 72 часа годишно. Учениците изборот го извршија самостојно по пат на анкета, што ја спроведе педагошко – психолошката служба на училиштето. Оцените што ќе ги добијат учениците по изборните предмети влегуваат во просечниот успех на ученикот.

## 8.10. Дополнителна настава

Овој вид настава има за цел да се дополнат празнините во знаењата кај учениците кои од било какви причини заостануваат во совладувањето на наставните содржини. Изборот на ученици за следење на овој вид настава го вршат наставниците. Секој наставник месечно ќе изработи распоред за часовите за дополнителна настава, што ќе биде истакнат на видно место во наставничката канцеларија. Овој вид настава се евидентира во одделенскиот и електронскиот дневник, каде се евидентирани и часовите од редовната и додатната настава.

Со дополнителната настава ќе се започне тогаш кога наставникот ќе процени дека има потреба, т.е. дека на ученикот му требаат дополнителни часови по одреден предмет, за да го усвои оној наставен материјал што го пропуштил и не го усвоил во текот на редовната настава. Со дополнителната настава ќе се престане тогаш кога ученикот ќе успее да го надомести она што го пропуштил. Родителите ќе бидат известени дека нивните деца ќе следат дополнителна настава и притоа ке бидат запознаени со целите на истата. Во исто време од родителите ќе се побара помош во отстранувањето на причините кои довеле до пропусти во знаењето на нивните деца.

Содржината во дополнителната настава ќе ја определува наставникот, според видот на заостанувањата на ученикот, а со примена на индивидуалната форма на работа, работа во парови и групи. Организирање на дополнителната настава има крајна цел завршување на одделението и вклучување на ученикот во погорното одделение. Дополнителната настава ќе се изведува 1 час неделно од II - IX одделение.

Училиштето ќе организира дополнителна настава во траење од 5 дена, веднаш по завршувањето на наставната година со ученици кои ќе покажат слаб успех по 1 или 2 наставни предмети. Учениците кои по изведената дополнителна настава во јуни нема да покажат успех, ќе се упатат на поправен испит во месец август.

Програмата за дополнителна настава е дадена во прилог.

## 8.11. Додатна настава

Меѓу учениците во нашето училиште има и такви кои поседуваат одреден талент или дарба во некоја област, потоа ученици со повисоки интелектуални способности и поголем интерес за учење. За нив училиштето и оваа учебна година ќе организира додатна настава.

Идентификацита на ученици кои ќе следат додатна настава ќе го изврши стручната служба во училиштето во соработка со одделенските и предметните наставници, како и со родителите. Во паралелките од II - IX ќе се

реализира по еден час неделно, односно 36 часа годишно додатна настава по паралелка (со исклучок на паралелките каде нема ученици за додатна настава и ќе се реализира само дополнителна настава со 2 часа неделно, односно вкупен фонд од 72 часа). Според најавен личен интерес на учениците и нивните афинитети кон учењето, мислењето на предметните наставници и можностите на училиштето, ќе се организира додатна настава по следните предмети:

- Во одделенска настава од II до V одделение – МАТЕМАТИКА.
- Во V одделение - АНГЛИСКИ ЈАЗИК (Лескоец).
- Во VI одделение по: МАТЕМАТИКА и МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (во Лескоец).
- Во VII одделение по: ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (во Лескоец) и БИОЛОГИЈА ( во ПУ Куратица ).
- Во VIII одделение по: ГЕОГРАФИЈА, БИОЛОГИЈА И АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЈАЗК (во Лескоец).
- Во IX одделение по: МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК, АНГЛИСКИ ЈАЗИК (во Лескоец); МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ИСТОРИЈА, ХЕМИЈА, МАТЕМАТИКА И ПРОГРАМИРАЊЕ (во ПУ Косел).

На часовите за додатна настава ќе биде реализирана посебна програма, што ќе биде изготвена од наставниците. Секој наставник кој ќе изведува додатна настава ќе изготви сопствен распоред за додатна настава, што ќе биде истакнат во наставничката канцеларија. Заради условите во кои работи училиштето во Лескоец, дел од овој вид настава ќе се реализираат низ содржините на редовните часови, дел на посебни часови по завршување на задолжителната настава, како и низ проектни активности и домашни задачи. За реализација на овој вид настава наставниците ќе водат Образец 17, во кој ќе внесуваат потербни податоци за истата.

Програмата за додатна настава е дадена во прилог.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Поимот надареност најчесто се употребува за оние деца кои на продуктивен или на репродуктивен начин постигнуваат натпросечни резултати во една или повеќе области од човековата дејност. Високите интелектуални способности претставуваат основа за општа надареност, а способностите кои овозможуваат високо постигнување во специфични области се основа за специфична надареност или талент.

Во нашето училиште се работи на откривање и идентификација на надарените ученици со цел поефикасна едукација на истите. Првото откривање на надарените ученици го прават самите родители или наставникот. Притоа важни се неколку показатели: успехот во учењето, постигнувањата на ученикот на различни подрачја од уметноста, техниката, спортот. Како критериум се земаат и резултатите од постигнувањата на ученикот на регионалните и државните натпревари. Вториот чекор е конкретната идентификација на надарените ученици, која ја вршат стручните соработници. Психологот им задава на родителите, наставникот и на ученикот прашалници за надареност, со кои се олеснува идентификацијата на надарените ученици. Потоа треба да се одреди оценка за специфичната

надареност на учениците на посебна скала. Со тестовите за интелигенција се откриваат оние ученици со количник на интелигенција од 120 или повеќе. Исто така им се задава и тест за емоционална интелигенција и други. Тестовите помагаат за откривање на надарените ученици за различни подрачја од уметноста, техниката, спортот итн.

Исто така со надарените ученици се применува додатна настава, како и проширени и продлабочени програми и активности во училишните секции. Редовно учениците учествуваат на регионални и државни натпревари по одделни области и предмети. Овозможена е акцелерација, односно побрзо напредување на надарените ученици во погорните одделенија. Преку практична реализација на диференцираните планови и програми и реализација на работните вежби наменети за надарените ученици се афирмира поквалитетен педагошки третман и се подобрува едукацијата на надарените ученици.

## Програма за работа со надарени ученици

| Активности | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| ➢ Давање идентификациони прашалници за откривање на логичко-математичка надареност, надареност за јазици, музичка надареност итн. | Според потреба | Наставници Родители Психолог |
| ➢ Примена на тестови за мерење на интелигенција на учениците кои наставниците ги детектирале како надарени или талентирани. | Според потреба | Психолог |
| ➢ Помош и подршка на наставниците за индивидуален пристап во работата со надарени деца на часовите и воннаставните активности. | Континуирано | Психолог Педагог |
| ➢ Советодавна работа со надарени ученици и следење на нивните индивидуални постигања. | Континуирано | Психолог Педагог |
| ➢ Консултативно – советодавна работа со родителите на надарените ученици. | Континуирано | Психолог Педагог |
| ➢ Остварување контакти со релевантни институции вон училиштето за прифаќање и вклучување на надарените деца. | Во текот на учебната година | Стручни лица од релевантни институции |
| ➢ Истакнување на постигнатите резултати на оваа категорија на ученици. | Континуирано и на крај на учебната год. | Директор, наставници, ППС |
| ➢ Пофалување и наградување на учениците за постигнатите резултати во учењето и на натпревари во знаење и спорт и училишни конкурси. | Континуирано и на крај на учебната година | Директор, наставници, педагог и психолог |
| ➢ Акцелерација на надарени ученици | По потреба | Тим за |

| | | |
|---|---|---|
| | | акцелерација |

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Терминот "Посебни образовни потреби" се однесува на децата и младите кои имаат потешкотии во учењето или кои имаат попреченост што им го прави потешко учењето и пристапот до образование, за разлика од повеќето лица на иста возраст. Во моделот на инклузивно образование во групата ученици со посебни образовни потреби влегуваат:

- Ученици со оштетен вид
- Учениcисо оштетен слух
- Ученици со пречки во гласот, говорот и јазикот
- Ученици со пречки во психичкиот развој
- Ученици со телесна инвалидност
- Ученици со аутизам
- Хронично болни ученици
- Ученици со асоцијално однесување
- Ученици со емоционални проблеми и
- Надарени ученици.

Секоја од наведените групи има свои специфичности, но и секој ученик со посебни образовни потреби има лични, индивидуални, само нему својствени карактеристики што го прават единствен.

Од голема важност за учениците со посебни потреби е раната идентификација и откривање на проблемот. Раното соочување со тој предизвик придонесува родителите и самиот ученик да се насочи кон решавање на сите проблеми кои се врзани со индивидуалните активности и интеракцијата со врсниците.

Идентификацијата на деца со посебни потреби е следната:

- Проценка на состојбата – каде се прави преглед на моторичките и интелектуалните способности на ученикот.
- Проценка на когнитивните способности – во овој дел се проценува вниманието, мислењето, помнењето, перцепцијата и ориентацијата. Исто така може да се внесат податоци за читањето и пишувањето, изразувањето и говорот.
- Проценка на социјализацијата – каде се забележува како ученикот комуницира со своите врсници и дали и како се адаптира на нови ситуации и нови лица.

Во нашето училиште секој наставник кој во паралелката има ученик со посебни потреби изработува ИОП во која се вклучени природата на проблемот со кој се соочува ученикот, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Во училиштето е формиран училишен инклузивен тим, а и за секој ученик со ПОП постојат инклузивни тимови составени од наставниците кои му предаваат на ученикот, стручната служба и директорот. Ученикот со посебни потреби се вреднува континуирано според оваа програма, поединечно усмено или писмено со прилагодување на

особеностите на ученикот. Програмата е мотивирачка за ученикот и трпи промени во зависност од напредокот на ученикот. Веќе неколку години имаме барање да се вработи дефектолог во нашето училиште поради потребата да работи стручно лице со овие ученици.

**Програма за работа со деца со посебни образовни потреби**

| Активности | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| ➢ Идентификација и запознавање на наставниците со учениците со посебни образовни потреби. | Септември Октомври | Психолог Наставници Педагог |
| ➢ Примена на психолошки мерни инструменти. | Според потреба | Психолог |
| ➢ Испитување на дислексија и дисграфија. | Според потреба | Психолог Педагог |
| ➢ Прибирање потребна документација за класификација на ученици со ПОП. | Според потреба | Психолог Наставници Педагог |
| ➢ Насочување на учениците во МКФ, Охрид, со цел добивање на документ за Меѓународна класификација за попреченост. | Според потреба | Директор Психолог Педагог |
| ➢ Вклопување во редовната настава, социјализација на учениците со посебни потреби и соработка со наставен кадар. | Континуирано | ТИМ за ПОП, наставници |
| ➢ Следење на постигањата на учениците на крајот на класификационите периоди. | По секое тримесечие | Наставници ППС |
| ➢ Советодавна работа со ученици со посебни образовни потреби. | Континуирано | Психолог Педагог |
| ➢ Консултативно – советодавна работа со родителите на овие ученици. | Континуирано | Психолог Педагог |
| ➢ Изработка на ИОП за учениците | Август | ТИМ за ПОП |
| ➢ Средби со тимот за работа со деца со ПОП. | На секои 3 месеци | ТИМ за ПОП |
| ➢ Соработка со Ресурсен центар во Битола. | Континуирано | ТИМ за ПОП |

## 8.14. Туторска поддршка на учениците

Оваа учебна година нашето училиште нема да има тутор - волонтер, односно редовен студент кој доброволно подучува ученици и дава дополнителна поддршка во нивниот воспитно – образовен процес. Доколку се појави таква потреба, не е исклучена можноста од туторка поддршка на учениците.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Поради тоа што сите ученици во нашето училиште во однос на етничката припадност се Македонци, односно немаме ученици Роми, па поради тоа немаме потреба од образовен медијатор.

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Воннаставната воспитно – образовна дејност во училиштето се организира со цел да се задоволат посебните интереси и афинитети на учениците од одредени научни области, да се воспостави подобра соработка со родителите и локалната средина, како и да се афирмира училиштето во локалната средина и пошироко. Ова подрачје од дејноста на училиштето има широка основа во поглед на неговата содржина и богатството на форми и начини на вклучување и ангажирање на учениците од сите возрасти во училиштето. Според тоа добро организираната воннаставна активност во училиштето има суштинско место во воспитно – образовниот процес. Во текот на учебната 2024/25 година повеќе од наставниците планираат да одржат воннаставни активности во вид на еднодневни работилници на различни теми.

### 9.1. Училишни спортски клубови

Тимот за организирање на турнири и други спортски активности, во чиј состав се наставниците: Наталија Јованова и Петар Киселинов, ќе изготви програма во која ќе бидат предвидени сите спортски активности што ќе се одвиваат во нашето училиште оваа учебна година. Оваа учебна година нашето училиште ќе им понуди можност на своите ученици активно да земат учество во спортските активности и тоа во повеќе спортски дисциплини: Фудбал (машки), Кошарка (машки и женски), Одбојка (машки и женски), Атлетика, Пинг-понг, Бадминтон и Шах. Конкретната цел на овие активности ќе биде создавање на поздрави, поефикасни и посреќни ученици кои преку овие активности имаат можност да се дружат, социјализираат и пред сè спортски да се воспитуваат. Покрај тоа, целта е и да се повторат минато годишните успеси на нашето училиште на општинските и пред сè на регионалните натпреварувања, организирани од страна на Федерацијата за училишни спортови на општина Охрид. Активностите ќе се реализираат во текот на целата учебна година во термините предвидени за Слободните ученички активности, учество ќе земат сите ученици од нашето централно и подрачни училишта.

Завршните натпревари на регионално и државно ниво треба да се реализираат во март, април и мај кога се одржуваат и натпревари организирани од Федерацијата за училишен спорт Охрид и Федерацијата за училишен спорт на Македонија. Одговорните наставници за реализацијата и евалуацијата на активностите од училишен спорт во текот на учебната година ќе водат евиденција, а на крајот доставуваат и извештај за работата и постигнатите резултати од овие воннаставни активности на учениците.

Во нашето училиште не е основан училишен спортски клуб.

### 9.2. Акции

Во рамки на одбележување на важни датуми содржани во Календарот за работа на училиштето и во договор со Комисијата одговорна за одбележување и прослава, во нашето училиште ќе се реалзираат Новогодишен базар, Велигденски базар, Априлијада, како и еколошки акции за чистење на дворот и околината, но и хуманитарни акции за помош каде што е потребно.

Новогодишниот и Велигденскиот базар се органзира најпрво на ниво на секоја паралелка, каде се вклучуваат и родителите, а потоа на свеченост по повод Нова година на ниво на училиште се реализираат базари во училиштата во Лескоец, Косел и Куратица (последната недела пред Нова година).

Априлијадата на 1-ви Април ја организира комисија формирана за Априлијада, кога се избираат најкреативни маски и се прават спортски наптревари, со пригодни награди.

Хуманитарните акции ги организира Клуб на Црвен Крст, а активностите се во соработка со ООЦК Охрид и се содржани во Програмата од ПЦК.

Еколошките акции ќе се организираат на Денот на Екологијата, Денот на планетата Земја и сл., а во организација на Еколошката секција.

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Училишната заедница се организира на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Заедницата што се организира на ниво на паралелка работи под раководство на одделенскиот раководител, а ученичката заедница организирана на ниво на училиште, работи под раководство на одговорен наставник.

Задачите на ученичките заедници се: поттикнување и развој на смисла за иницијативи кај учениците, поставување и решавање на заедничките проблеми, развивање и негување на пријателството, чување на угледот на училиштето, грижа за редот, дисциплината и чувањето на училишниот инвентар, развивање на свест за соработка и почитување на родителите и наставниците, организирање и спроведување на културно – забавниот и здравствено – хигиенскиот живот на учениците.

### УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА / УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

***УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА*** на паралелката ја сочинуваат сите ученици од таа паралелка, а раководството на зедницата на ниво на училиште го сочинуваат 8 членови во централното, 4 членови во ПУ Косел и 2 членови во ПУ Куратица т.н. ***ОДБОР НА УЧЕНИЦИ*** (**УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ**)

Ученичкиот парламент е тело сочинето од претседателите на заедниците на паралелките, во нашето училиште истиот брои 15 членови. Училишниот

парламент ќе работи по претходно подготвена програма и план за работа, предвидена за реализација во текот на учебната 2024/2025.

Работата на истиот ја координира одговорниот наставник Александра Петревски во соработка со стручната служба и директорот на ООУ „Ванчо Николески“ с. Лескоец Охрид.

**Во учебната 2024/25 година предвидени содржини за работа на Ученичкиот парламент се:**

- Запознавање на учениците со планот и програмата за работа за тековната учебна година;
- Запознавање на учениците со Водичот за ученичко учество, организирање и заштита на детските права;
- Организирана презентација за ДЕТСКИ ПРАВА;
- Организирани работилници за ДЕТСКИ ПРАВА, истакнување на важноста и потребата од почитување на Детските права, и потенцирање на одговорностите произлезени од правата;
- Работилница за мегусебно почитување на детските права, почитување на различностите, неосудување, соработка и толеранција
- Разгледување на успехот на паралелките по класификациони периоди, дисциплината и редовноста на учениците по паралелки
- Мерки за подобрување на успехот, редовноста и дисциплината, доколку истите не се на потребното ниво;

План на активностите на **Ученичката зедница (парламент)** распореден по месеци е даден во прилог.

## ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Учениците во нашето училиште се организирани во своја организација т.н. ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА, со цел запознавање на учениците со своите права и обврски, меѓусебно другарување и негување на чувството на толеранција, заедничка грижа, негување на заедничка игра и соработка со децата од други училишта.

Детската организација претставува здружение на сите ученици од I до IX одделение, која работи под раководство на одговорни наставници и тоа: за Лескоец Марија Крцоска, за Косел Билјана Танеска и за Куратица Билјана Б. Мојсоска. На чело на организацијата стои одбор, составен по 3 ученици од секоја паралелка од IV до V.

**Распоред и активности по месеци за оваа учебна година:**

### Септември

1. Прием на првачињата во училиштето со пригодна програма.
2. Избор на раководство и донесување програма за работа.
3. Разговор за 8-ми Септември, Денот на осамостојувањето на Македонија.

### Октомври

1. Прием на децата од I одделение во Детската организација (подготовки и приредба).
2. Одбележување на 5-ти Октомври, Денот на учителот.
3. Разговор за 11-ти Октомври и 23-ти Октомври, Денот на Македонската револуционерна борба.

**Ноември**

1. Разговор за 7-ми Ноември, Денот на ослободување на Охрид.
2. Посета на библиотека - одбележување на месецот на книгата.

**Декември**

1. Активности по повод Нова година (работилница за изработка на новогодишни украси).

**Февруари**

1. Важност и значење на ученичките натпревари во знаење и спорт.
2. Учество во подготовките за одбележување на 8-ми Март, меѓународниот ден на жената.

**Март**

1. Акција од еколошки карактер по повод Денот на екологијата.
2. Подготовки за Априлијада (маски, детски шеги).

**Април**

1. Одбележување на Велигденските празници – (Велигденски базар, изложба на најубаво изработено Велигденско јајце).

**Мај**

1. Разговор за Денот на училиштето, 10-ти Мај.
2. Одбележување на првомајските празници, годишнината од смртта на Гоце Делчев и Кирил и Методиј - словенски просветители.

**Јуни**

1. План и учество за користење на слободното време летен распуст, патувања.
2. Анализа за работата на Детската организација во текот на годината.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШЕН КЛУБ ЦРВЕН КРСТ

Училишниот клуб на Црвениот крст како организација од ученици која има за цел да го подобри нивото на здравствена култура кај нив и кај родителите, да негува чувство на солидарност и заемна помош, да развива свест за пријателство, разбирање и соработка, како и помош во ублажување последици од елементарни непогоди и војни.

Во своите рамки програмата содржи и други активности со здравствено - воспитна цел за ученици и родители.

| | |
|---|---|
| **Септември** | Подготовка и декорација на просторија во училиштето |
| | Значењето на давањето прва помош -12 септември, „Светски ден на прва помош“ |
| | Недела на борба против ТБЦ и градни болести – дистрибуирање печатен материјал во соработка со ООЦК Охрид. |
| **Октомври** | 01-07.10<br>Свечен прием на членови на Црвен крст (холот на училиштето)<br>- Програма за настан, водител, декорации/ознаки<br>- Забавен дел (музички точки)<br>- Презентација на активности на ООЦК |
| | Симулациска вежба – евакуација на училиштето при земјотрес или пожар<br>(во соработка со противпожарна служба, брза помош и други) |
| **Ноември** | Едукации за превенција од зависности |
| | Едукации за превенција од ХИВ/СИДА и СПИ |
| **Декември** | Едукации за превенција од трговија со луѓе |
| | Новогодишна акција за поддршка на соученици во социјален ризик<br>- Креативни работилници<br>- Собирни акции<br>- Пакување на пакетчиња<br>- Децата донираат играчки |
| | Новогодишна забава за членовите |
| **Јануари** | Едукации за хигиенизација – правилно миење раце, заби |
| **Февруари** | Подготовка на екипи по прва помош |
| | Одбележување на денот на лицата со ретки болести |
| | Уредување на паноата и ѕидните весници во холовите |
| **Март** | Подготовка на екипи по прва помош |
| | Организирање на еколошка акција во училишниот двор или друга локација во близина на училиштето |
| **Април** | Предавање на тема: „Недела на борба против ракот“ |

| | |
|---|---|
| | Одбележување на светскиот ден на крводарителството. |
| **Мај** | Учество во организирано одбележување на 8-ми мај на ниво на ООЦК |
| | Одбележување на „Светскиот ден за борба против пушењето”, 31-ви Мај. |

Непосредни реализатори на програмата на ПЦК се учениците и одделенските раководители, во соработка со директорот на училиштето, стручната служба, Црвен крст од Охрид и Медицински Центар од Охрид.

## ЧЛЕНОВИ НА ЕКО ОДБОРОТ

Еко одборот е формиран за да се грижи за интеграција на еколошката едукација во нашето училиште. Најчесто еколошките активности се операционализираат преку менаџментот на училиштето и одговорните наставници на Еколошката секција.

| | Име и презиме | Позиција | Институција |
|---|---|---|---|
| 1. | Татјана Пуцоска | координатор | ООУ Ванчо Н. |
| 2. | Сашо Климоски | директор | ООУ Ванчо Н. |
| 3. | Елисабета Настоска | член | ООУ Ванчо Н. |
| 4. | Елеонора Ѓорѓиеска | член | ООУ Ванчо Н. |
| 5. | Љубица Тодороска | член | ООУ Ванчо Н. |
| 6. | Елена Ел Нади | член | ООУ Ванчо Н. |
| 7. | Александра Трпеска | психолог | ООУ Ванчо Н. |

| | Име и презиме | Позиција | Институција |
|---|---|---|---|
| 8. | | ученик | ООУ Ванчо Н. |
| 9. | Љупчо Аслимоски | родител | ООУ Ванчо Н. |
| 10. | Дарко Лолески | родител | ООУ Ванчо Н. |
| 11. | | родител | ООУ Ванчо Н. |
| 12. | Сашо Митаноски | член од медиум | ООУ Ванчо Н. |
| 13. | Весна Терзиоска | член од НВО | ООУ Ванчо Н. |
| 14. | Тони Иваноски | член од општина | ООУ Ванчо Н. |

# 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Целта од организирање на училишните екскурзии, посети и излети е учениците да се одморат, рекреираат, да другаруваат, да ја запознаат својата околина, убавините на татковината, како и да ги прошират и продлабочат своите знаења од одредени области.

За оваа учебна година училиштето планира два излети со сите ученици од I - IX одд., што ќе се реализираат во октомври и јуни во блиската околина.

Во текот на годината ќе се изведат повеќе посети на учениците, а со цел запознавање на околината, проширување на ученичките знаења.

Учениците од I одделение ќе ги посетат позначајните места и културно историски знаменитости во градот Охрид.

Учениците од III одделение Лескоец и учениците од ПУ Косел ќе направат еднодневна екскурзија Прилеп- Битола.

Учениците од IV одделение Лескоец и учениците од ПУ Косел и Куратица ќе посетат: kултурно – историски знаменитости во Охрид– Куќата на Робевци, Никола Незлобински – природно научен музеј – Струга .

Учениците од V одделение ќе го посетат градот Крушево.

Учениците од V одделение Лескоец со наставникот Петар Киселинов ќе посетат фудбалски натпревар.

Учениците од V одделение Лескоец со наставничката Габриела Ѓоргиевска ќе го посетат националниот парк "Галичица".

Учениците од предметна настава со наставничките Елена Ел-Нади Љубица Ангова ќе имаат можност да ги посетат Природно -научниот музеј во Скопје и националниот парк "Галичица".

Учениците од предметна настава VII одделение со наставничките Цвета Андреска и Наталија Јованова ќе ги посетат Природно -научниот музеј во Скопје и Кањон Матка.

Учениците од VIII одделение со наставничката Татјана П. Бунчевска ќе ја посетат сеизмолошката опсерваторија во Скопје.

Учениците од VIII одделение со наставничката Александра Петревски ќе го посетат Собранието на Р.С. Македонија, а учениците од IX одделение ќе го посетат Градоначалникот и општината во Велес.

Учениците од VI одделение со наставничката Емилија Блажеска и Елизабета Велјаноска ќе го посетат меморијалниот музеј на холокаустот во ноември, а учениците од VIII одделение ќе ја посетат куќата на Коста Солев Рацин во март.

Учениците од IX одделение со наставничката Елисабета Настоска ќе го посетат American Corner во Струга.

Учениците од предметна настава во ПУ Косел со наставникот Димче Донески ќе ги посетат НУК Скопје и Институт за македонски јазик "Св.Климент Охридски" – Скопје.

Во текот на декември 2024 година, делегација од училиштето заедно со неколку ученици од VIII/IX одделение ќе настапат на свечената програма за одбеежување на патрониот празник на нашите побратими од ОШ „Светозар Марковиќ" во Лесковац, Р. Србија.

Исто така, оваа учебна година учениците од III одделение ќе изведат еднодневна екскурзија низ Македонија, учениците од VI дводневна екскурзија низ Македонија, додека учениците од IX одделение ќе изведат тридневна екскурзија низ Македонија, сите од научно - рекреативен карактер. Одговорни наставници се одделенските раководители од III, VI и IX одделение.

Прошетките, посетите и излетите ќе се реализираат во работен ден пред или после часовите, без да се нарушува нормалниот тек на редовната настава

и ќе имаат набљудувачки карактер. Подготвувањето и изведувањето на излетите, посетите и екскурзиите ги планира комисија во соработка со одделенските наставници, стручната служба и директорот на училиштето.

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Дел од нашите ученици се ученици во ОМУ „Методи Патчев“ во Охрид, има ученици кои се членови на КУД „Фолклористи“ од Лескоец, а добар дел членуваат и во Теквондо клуб „ХВА РАНГ ИТФ“, исто така со седиште во Лескоец.

# 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Ученичките натпревари во знаења и спорт се таков облик на активност, при што учениците се натпреваруваат да постигнат што подобри воспитно – образовни резултати.

Учениците од нашето училиште оваа учебна година ќе се натпреваруваат меѓу себе на ниво на одделенија во рамките на т.н. училишни натпревари во знаења и спорт, а најуспешните ќе го претставуваат училиштето на општинските и регионалните натпревари. Исто така учениците ќе земат активно учество на сите наградни конкурси на литературни и ликовни творби што ќе пристигнат во текот на учебната година, како и на натпреварите по ПРВА ПОМОШ И ЗАШТИТА и ДЕТСКИ СЕМАФОР, што ќе се одржат во месец мај. Постигнатите резултати на учениците ќе бидат јавно соопштени, а најдобрите ученици ќе бидат пофалени и наградени.

### Динамика на училишните натпревари во знаења по одделенија

| Р. бр. | Предмет | Одд. | Месец |
|---|---|---|---|
| 1. | Математика | I | III |
| 2. | Македонски јазик | II | III/V |
| 3. | Македонски јазик | III | V |
| 4. | Историја и општество | IV | IV |
| 5. | Историја и општество | V | V |
| 6. | Математика | VI,VII,VIII,IX | II |
| 7. | Македонски ј., Англиски ј., Германски ј., Биологија, Математика, Историја, Географија, Физика, ПН | VII,VIII, IX | III |
| 8. | Натпревар по математика "Кенгур" | I-IX | III |
| 9. | Натпревар по англиски јазик | V-IX | III |

### Училишни натпревари во спорт за учениците од VI – IX одд.

| Реден Број | Дисциплина | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Пинг – понг | Според планот на Сојуз за училишен спорт на град Охрид. |
| 2. | Атлетика | |
| 3. | Шах | |
| 4. | Фудбал | |
| 5. | Баскет | |
| 6. | Одбојка | |

## 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ / ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Покрај многубројните наслови на оваа тема во учебниците на учениците, ќе се реализираат и разновидни активности во училиштето. Со цел да се запази мултикултурализмот се планира да се организираат многубројни настани во училиштето и надвор од него, во соработка со локалната заедница и со други училишта кои исто така ја негуваат оваа компонента. Во нашето училиште ќе се реализираат разни видови тематски приредби, екскурзии, претстави, маскенбали и забави. Целта на истите е учениците преку забава и креативност да осознаат нови обичаи и култури на свои соученици од различни етнички групи.

Нашето училиште и понатаму ќе соработува и развива меѓуетничка соработка со ООУ "Јунус Емре" од с. Лисичани, општина Пласница, кое ни е партнер училиште во реализација на ПМИО, а во текот на учебната година се планира да се аплицира со 4 работилници за добивање грант за проектот.

Исто така планирана е возвратна посета на делегација од училиштата за Патрониот празник на двете училишта.

Членови во тимот за меѓуетничка интеграција на училиштето се: Александра Трпеска, координатор на тимот - психолог, Весна Терзиоска – педагог, Марјана Крстаноска – одделенски наставник, Жаклина Трипунова – одделенски наставник и Емилија Блажеска – наставник по македонски јазик.

## 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

Во ООУ „Ванчо Николески“ Лескоец и оваа учебна година ќе се продолжи со имплементација на Проектот "Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем". Наставниците во своите годишни и дневни планирања ќе испланираат наставни содржини кои ќе бидат поврзани со деветте теми: 1. Заштеда на вода, 2. Заштеда на енергија, 3. Одржување на зградата и здрава животна средина во училиштето, 4. Уреден училишен двор, 5. Отпад, 6. Биодиверзитет, 7. Транспорт, 8. Здравје и 9. Одржлив развој. Имплементираните наставни содржини се составен дел од годишните планирања на наставниците.

Во училиштево се реализира и проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“. Нашето училиште за реализација на МИОМ е партнер со ООУ “Јунус Емре” од Лисичани, општина Пласница и заедно оствアривме неколку средби и активности, а членовите на СИТ-от се стекнаа со сертификати за ментори. Во текот на оваа учебна година е планирана возвратена посета со партнер училиштето за одбележување на Денот на училиштето и аплицирање за добивање грант за проектот.

Оваа учебна година училиштето има ЕРАЗМУС+ проект што е во релизација – „Нашите приказни се наши мостови“, чии активности би се реализирале најпрво во септември кога сме домаќини на мобилност, а потоа и до крајот на Ноември кога проектот завршува. Но, иаме поднесено апликации за Еразмус+ плу проекти и доколку би ни ги одобриле би се реализирале активности во текот на учебната 2024/25 година. Носител на овие активности е Еразмус+ клубот кој го водат наставничката по англиски јазик Елизабета Настоска и педагогот Весна Терзиоска.

Исто така, оваа учебна година нашето училиште повтроно ќе реализира активности во рамки на проектот „Поттикнување на демократската клима во училиштето“, чиј носител е тим кој го води наставничката по граѓанско образование Александра Петревски.

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 15.1. Постигнување на ученицте

Постигнувањата на учениците во нашето училиште се следат преку анализи на постигнатиот успех по завршувањето на секој класификационен период:

- ✓ По наставни предмети
- ✓ По одделенија
- ✓ По паралелки
- ✓ По класификациони периоди
- ✓ Споредбено со минатата година по наставни предмети, одделенија и по паралелки

Исто така за секој класификационен период се изготвува и табела со ученици со слаби оцени, според која се гледа кои ученици, по колку предмети и колку слаби оцени имаат. Во нашето училиште немаме ученици од различни етникуми, па поради тоа не правиме такви споредби.

Постигнувањата на учениците се подобруваат преку: Дополнителна настава, Додатна настава, Индивидуални советодавни разговори од страна на ППС, Групни советувања на родители.

Идентификација на учениците со тешкотии во учењето и на надарените ученици ја врши одделенскиот раководител, стручната служба и родителите. Психологот за идентификација на овие ученици применува тест на интелегенција. Во учебната 2023/24 година средниот успех е 4,29 што е за 13 стотинки понизок од минатогодишниот.

**Нашето училиште им дава поддршка на своите ученици преку следните активности:**

- ✓ Училиштето редовно ќе ги следи и добива информации за здравствените, физичките, емоционалните и социјалните проблеми на учениците (започнувајќи од набљудувањето на првачињата при нивното запишување и пополнување матични листови за здравствената состојба на децата, продолжувајќи со систематско следење на напредувањето на учениците по наставни периоди, редовни систематски прегледи, како и индивидуални контакти со родители од страна на одделенските раководители и стручната служба на училиштето).
- ✓ Сите ученици ќе добијат бесплатни учебници од МОН, а учениците од социјално загрозените семејства ќе добијат ученички прибор преку соработка со Црвен крст - Охрид.
- ✓ Училиштето континуирано ќе води евиденција за напредокот, присутноста, поведението и развојот на учениците без разлика на половата, социјалната и етничката припадност, преземајќи соодветни мерки за нивно подобрување.
- ✓ Училиштето ќе биде отворено за соработка со родителите и со соодветните стручни служби и институции од локалната заедница за поддршка на учениците.
- ✓ Редовно ќе се ажурира електронскиот дневник и родителите ќе бидат информирани за напредокот на своето дете.
- ✓ Училиштето соодветно и оваа година ќе им помага на учениците од IX одделение за полесно професионално определување (со информации, анкети и тестови за професионални интереси кои ги спроведува педагошко-психолошката служба).
- ✓ Педагошката документација со која располага училиштето ќе биде достапна на сите фактори кои се надлежни да вршат увид врз истата.
- ✓ Училиштето ќе ги пофалува и наградува учениците кои постигнуваат високи резултати и го афирмираат училиштето.

*Во своите годишни програми за работа од стручните соработници се содржани конкретните активности што се предвидени за поддршка на учениците.*

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Членови на тимот за професионална ориентација на учениците се: Александра Трпеска- психолог, Весна Терзиоска – педагог и одделенските раководители на IX одделение. Во нашето училиште се обрнува големо внимание на професионалната ориентација на учениците. Почнувајќи од почетокот на IX одделение па сè до крајот се работи со учениците на нивната професионална ориентација. Прво им се прави анкета за тоа каде сакаат да го продолжат своето образование. Потоа се спроведуваат сет прашалници во различни временски периоди, преку кои учениците ги утврдуваат своите професионални интереси и способности и кои им помагаат полесно да се одлучат каде сакаат да го продолжат своето образование. Преку ППС и во постојана соработка со одделенските раководители учениците се

информираат за Конкурсот за запишување во средните училишта, начинот на кој можат да си ги пресметаат поените и кои докумнети им се потребни. Во соработка со средните училишта се вршат разни презентации за секое училиште посебно, преку кои учениците се запознаваат со условите во истите.

Планот за професионална ориентација на учениците е во прилог.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во однос на промоција на добросостојба на улениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминацијаа, училиштето ќе преземе неколку активности во текот на следната учебна година:

- Педагошко психолошката служба има изготвено програми за превенција, заштита и безбедност на учениците и вработените. Истата во соработка со надлежни институции, Локална Самоуправа, СВР Охрид, ООЦК Охрид и други здруженија на граѓани ќе организира и реализира работилници, предавања и дебати на одредени теми за превенција од насилство, дискриминација, од зависности – дрога, алкохол, тутун, превенција од ХИВ, СИДА, како и заштита од разни заразни болести. Доколку се создадат услови со група ученици од осмо одделение ќе се реализираат сет работилници од програмата „Вештини на адолесценција“ преку која се допираат и обработуваат наведените теми.
- Превентивни содржини планираат одделенските раководители во соработка со установи од локална самоуправа, а исто така на часовите на одделенска заедница реализираат работилници, предавања, дебати со вклучување родители, надлежни институции и експерти за определени области на дејствување од типот заштита на менталното здравје и подигнување на свеста за недискриминирачко однесување.
- Училиштето има изготвено **Програма за справување со насилство во училиштето**, во која најпрво е дефинирано што сè се смета за насилство и малтретирање во училиштето, а потоа се предвидени активности за справување со истото. Контакт лице за заштита на учениците од насилство е психологот Александра Трпеска.

Програмата за заштита на ученик жртва на насилство е дадена во прилог.

## 16. ОЦЕНУВАЊЕ

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Учениците континуирано во текот на целата учебна година се следат и се оценуваат. Се оценуваат нивните знаења, вештини и умееења како и нивното поведение. Во текот на целата учебна година учениците се оценуваат дијагностички и формативно, а на полугодие и на крај на учебната година сумативно. Учениците од I до VI одделение во текот на целата учебна година се оценуваат описно, а на крај на учебната година бројчано. Учениците од VII – IX одделение се оценуваат бројчано во текот на целата учебна година.

Сите ученици 4 пати годишно (во ноември, јануари, април и јуни) добиваат оцени – описни или бројчани во евидентни листови, односно свидетелство на крај на учебната година. Родителите се известуваат за успехот, поведението и редовноста на учениците на редовните родителски средби, на индивидуалните средби со одделенските раководители и преку увидот во електронскиот дневник.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во анализата на воспитно – образовните резултати на учениците учествуваат одделенските раководители, директорот и педагошко – психолошката служба на училиштето, која прави квартални извештаи за воспитно – образовните резултати на учениците и истите ги презентира на наставничките совети.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на равотата на воспитно – образовниот кадар

Вреднувањето на работата на наставниците ќе се базира на квалитетот на изработката на годишните и дневните планирања, редовноста и квалитетот на оперативните планови, успехот постигнат во одделението или по наставниот предмет, односот на наставникот кон учениците, кон родителите и кон работата, негово учество со стручни теми во педагошки списанија, увидот на неговите часови со инструменти од директорот, педагогот и психологот, учеството и успехот на натпревари и сл. Стручната посета на часови ќе се реалзира според однапред испланирана динамика во месеците октомври, ноември и декември 2024, како и февруари, март, април и мај 2025. Директорот, педагогот и психологот во текот на посетата ќе ја евалуираат работата на наставникот според инструмент кој секој од нив индивидуално го подготвува и спроведува.

Податоците добиени од следењето на работата на наставниот кадар ќе бидат евидентирани во педагошкиот картон на наставниците што го води педагошко - психолошката служба на училиштето.

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Во учебната 2023/24 година во училиштето се формира комисија во состав: Весна Терзиоска – педагог, Александра Трпеска – психолог, Марјана Крстаноска – одделенски наставник, Даниела Чифлигароска – одделенски наставник во ПУ Косел и Билјана Коталеска – родител (претседател на Совет на родители), во чија организација се изработи Самоевалуација 2024, од која произлегоа јаки и слаби страни. Со цел надминување на слабите страни се испланираа идни активности распоредени во 4 подрачја. Тоа беа следниве:

## I. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

- Да се најде начин сите наставници да ги испраќаат своите неделни/днени планирања на соодветнот меил.
- Со предавања да се опфатат и учениците од подрачните училишта.
- Да се направи стратегија за избор на ученици и навремено реализирање додатна настава, за да бидат спремни да учествуваат на сите натпревари што се органзираат за училиштата.

## II. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Реално планирање и реализирање на дополнтелната и додатната настава од страна на сите наставници.
- Да се најде начин за поголема контрола на изостанувањата на учениците и ограничување на можноста за „оправдано“ отсуство на учениците.

## III. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

- Реобновување на ЕКО патрола од учениците.
- Изготвување Протокол за спречување и справување со насилство.
- Изготввање Кодекс за ненасилно однесување, истакнување на јавни места и запознавање на сите субјекти со истиот.
- Наоѓање начин за ангажирање чуварска служба во училиштето.
- Осмислување активности за подигнување на свесноста за консумирање здрава храна и практицирање истото.
- Сите наставници да се вклучуваат во активности од ПМИО.
- Да се обработуваат правата и обврските на учениците секоја година, на различен и ефективен начин да се потсетуваат учениците за истите.
- Изнаоѓање начин за поголемо вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

## IV. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

- Да се реши проблемот со интернетот.
- Да се наоѓаат начини за обезбедување потрошен материјал во потребна количина за работата на наставниците во училиштето.
- Да се подобри нагледноста во училиштето преку изготвување и реализирање проекти, но во тоа да се вклучуваат сите наставници, а не само некои.
- Да се соработува со надлежни институции, донатори, субјекти, да се направат проекти и да се размислува во насока за едносменско работење.

## 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште има тим кој изготви и ќе ракува со планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, во кој план се опфатени голем број на мерки за заштита и начини на справување од природни непогоди и други несакани несреќи. Тимот има изработено програма со скици на сите простории (кои се истакнатина видно место) во централното и подрачните училишта, со што полесно ќе се спроведат мерките за заштита и спасување во случај на непогоди и несреќи.

Во учебната 2021/22 се изготви нов план за евакуација кој е истакнат на видно место и во соработка со ООЦК Охрид се организираше показна вежба за евакуација во случај на елементарна непогода.

## 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Здравственото образование на децата е приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем. За да можат децата да учат, првенствено треба да се здрави. Тргнувајќи од оваа констатација заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите во училиштето, во непосредна соработка со родителите здравствената служба и пошироката заедница.

Училиштето има обврска да води грижа за здравјето на учениците и да ги информира за важноста на здравјето во целина и тоа:

- **за физичкото здравје:** лична хигиена, храна и исхрана,заразни болести, сексуални болести, безбедност и прва помош, дрога, алхохол, пушење и физички вежби (во соработка со институции и НВО).
- **за психичко здравје:** развивање на самодоверба, самопочитување, почитување на различностите (толеранција) ,самокритичност, итн.
- **социјално здравје:** грижа за здрава средина, комуникација, одговорност, одржување добри односи на сите релации. Некои задачи и содржини од ова подрачје се реализираат и по одделни наставни предмети (физичко и здравствено образование, биологија) животни вештини и некои ученички активности.

Целта на програмата од ова подрачје е да ги оспособи учениците и вработените во училиштето да преземат акции за поздрав живот, училиште и средина. Активностите од ова подрачје ќе се реализираат со взаемна соработка на вработените во училиштето, здравствена служба, родителите и пошироката заедница.

**Позначајни активности кои ќе ги опфаќа ова подрачје се следните:**

1. Хигиена на училишните простории.
2. Лична хигиена, хигиена на облеката и обувките.
3. Хигиена на исхраната и водата.
4. Лекарски прегледи, вакцинации и ревакцинации.
5. Предавања од здравствено-хигиенски карактер.
6. Работни акции од еколошки карактер за почиста и поздрава животна средина.

## 18.1. Хигиена во училиштето

Посебно внимание ќе се обрне на одржувањето на хигиената во училиштето. Редовно ќе се чистат училишните простории и училишниот двор, а ќе се организираат и акции во кои ќе бидат вклучени и учениците со цел на подигање на свеста кај учениците за грижа за себе и околината. Хигиената во училиштето ќе опфати:

- ✓ Бришење прашина на работните површини.
- ✓ Бришење и миење на тврди подни површини.
- ✓ Собирање пајажина.
- ✓ Бришење на рамки на прозорци и врати.
- ✓ Бришење на влезни и внатрешни врати.
- ✓ Бришење и миење на стаклени површини.
- ✓ Бришење прашина на надворешен дел од мебелот.
- ✓ Бришење на санитарен простор.
- ✓ Метење на училишниот двор.
- ✓ Метење на училишните простории и пред влезните врати.

## 18.2. Систематски прегледи

Систематски преглед ќе се реализира со учениците од I, III, V, VII и IX одделение во термини кои се договорени со лекари педијатри. Додека пак со учениците од I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение ќе се спроведе стоматолошки преглед за превенција на оралните заболувања кај децата. Учениците ќе бидат придружувани од раководителот на паралелката или родителите (учениците од I одделение). Систематски лекарски прегледи и прегледите за забите на учениците ќе се реализираат според планот на Медицински центар - Охрид.

## 18.3. Вакцинирање

Во соработка со Медицински центар Охрид, како и со родителите од учениците, редовни вакцинации и ревакцинации ќе се реализираат според планот на Медицински центар - Охрид.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Нашето училиште посветува внимание во однос на едукацијата за здрава исхрана на нашите ученици. Тоа се прави преку презентации, преку разни предавања од наша страна, како и преку организирање Ден на јаболкото и слични активности за практикување здрава храна. Овие активности се реализираат во организација на Еколошката секција.

Во училиштето немаме организирана исхрана, поради немањето услови (кујна и трпезарија).

## 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 19.1. Дисциплина

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени.

Во текот на учебната 2024/25 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Исто така, во паралелките климата ќе биде работна, опуштена и поттикнувачка, а со однесувањето на наставникот учениците ќе се охрабруваат за позитивни и повисоки постигнувања.

На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Изготвен е ***Кодекс за должности и обврски на сите вработени*** и истиот е поставен на видно место во училиштето. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. Ќе се изготви распоред за дежурства на наставници што без исклучок се следи и спроведува. Следењето на дисциплината за време на одморите се врши во ходниците, училниците, санитарните јазли и секако во училишниот двор.

Во нашето училиште особена грижа се води за меѓусебното почитување на сите фактори кои партиципираат во него. Иако нашето училиште е етнички чисто македонско, особено внимание ќе се посветува на меѓуетничка толеранција и разбирање, како основа на интегрираниот проект во образованието во нашата земја.

- Нашето училиште е отворено за соработка со сите надворешни субјекти.
- Училиштето ќе ги промовира постигањата на своите ученици преку разновидни форми, на web страната од училиштето, на огласна табла во холот, преку соопштенија до сите ученици, на родителски средби, преку мадиуми, преку организираните изложби во училиштето и сл., преку натпревари во знаење и спорт и сл.
- Сите ученици без разлика на полот, етничкото потекло, способностите се еднакво третирани во училиштето од страна на воспитно-образовниот кадар.
- Родителите ќе бидат континуирано и навремено информирани за целокупната работа во училиштето (родителски средби, индивидуални контакти, совет на родители, електронски дневник.)
- Училиштето постојано ќе соработува со локалната средина, со останатите локални институции, како и со другите училишта во градот.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето се задолжени да допринесуваат за уредувањето на просторот во училиштето, сè со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетско и

функционално уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во ВОП.

За ететското и функционалното уредување на просторот во училиштето се грижи директорот и наставничката по ликовно образование Зорица А. Спасеска. Таа заедно со учениците од ликовната секција изработува план за етстетско уредување на просторот во училиштето. Во училиштето се организираат разновидни настани, чија реализација непосредно бара соодветно уредување.

## 19.3. Етички кодекси

Училиштето има Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на наставниците и стручните соработници и Кодекс за однесување на родителите. Сите Кодекси се изготвени во соработка со засегнатите субјекти, истакнати се на видни места и настојуваме да се почитуваат.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето никогаш не би можело да се издигне на ниво на вистински дом изграден на темелот на правилни вредности и принципи, доколку не би имало соработка меѓу сите фактори вклучени во него. За таа цел во нашето училиште се организираат многубројни активности и за секоја од нив се одржуваат заеднички состаноци каде се предлагаат комисии (тимови) за реализација на активноста. Секоја комисија (тим), секој поединец има право да дава идеи и предлози за подобрување на комуницискaта соработка на сите структури во училиштето.

Училиштето организира заеднички:

- Прослави (8 – ми Септември, 5 – ти Октомври, 8 – ми Декември, Нова година, 8 – ми Март, Ден на училиштето 10 – ти Мај, 24 – ти Мај, Денот на словенските просветители Кирил и Методиј, прослава на полуматурска вечер за IX одделение).
- Излети (есенски и пролетен за сите ученици од I – IX одделение, наставно-научни екскурзии за учениците од III, VI и IX одделение за кои се изготвува соодветна програма планирана во Годишната програма за работа на училиштето).

Сите горенаведени активности служат за одбележување на културни, верски и државни празници, а нивната цел е секако развивање на пријателски односи меѓу сите субјекти во училиштето.

## 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОК

Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар влегува во приоритетите на училиштето. Во таа насока училиштето се грижи за професионалниот развој во кој се вклучени сите одделенски и предметни наставници, како и стручната служба. Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување кое го врши Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и сл.

Целта на ова подрачје е да се обезбеди стручен приод во анализирањето и проценувањето на педагошкиот квалитет на дејноста што ја остварува училиштето и на резултатите што се постигнуваат. Врз основа на тоа ќе се осмислуваат конкретни мерки за постојано осовременување и квалитативно подобрување на воспитно - образовната работа. Професионалниот развој на образовниот кадар е неминовност и истата треба да се реализира во континуитет.

За стручно усовршување на наставниците Бирото за развој на образованието на Македонија организира повеќе еднодневни и повеќедневни семинари за наставниците од одделенска и од предметна настава. Истите се редовно посетувани од страна на нашите наставници.

Интерното стручно усовршување се врши преку дисеминации на наставниците и стручната служба на содржините од нивни посетени семинари на останатиот наставен кадар.

Исто така и годинава преку работата на стручните активи и Наставничкиот совет, ќе се врши стручно усовршување на наставниот кадар во училиштето. За оваа учебна година предвидени се теми кои ќе ги подготвуваат и реализираат стручната служба и наставниците. Насловот на стручните теми е содржан во програмите на стручната служба, стручните активи и Наставничкиот совет.

Формиран е тим за професионален развој кој го сочинуваат: директорот, стручните соработници и претседателите на стручните активи. Во текот на учебната 2023/24 година во училиштето се реализираа стручни теми на стручните активи, како и екстерни обуки, со кои беа опфатени повеќето наставници од колективот.

Сите наставници во текот на јуни 2024 година изготвија извештај за својот ЛППР и нов ЛППР за 2024/25 година, а врз основа на истите во рамки на стручните активи се изготвија извештаи и планови за професинален развој на ниво на актив. Сите извештаи и планови беа предадени до тимот за професионален развој, врз основа на што се изготви програма за професионален равој на ниво на училиште (В*о прилог*).

За организиран професионален развој, формиран е тим за професионален развој во состав:

1. Сашо Климоски – директор
2. Весна Терзиоска – педагог
3. Александра Трпеска – психолог
4. Јасна Бадалоска – претседател на активот од одделенска настава
5. Тони Црвенкоски – претседател на активот од јазична и оштествена група предмети

6. Љубица Тодороска – претседател на активот од природно – математичка група предмети
7. Петар Киселинов – претседател на активот од предметите по вештини.

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Училиштето како целина постојано следи и прави проценки на сработеното како и на тоа што треба да се сработи во иднина за да се подобри неговото целосно функционирање. Па така, согласно спроведената Самоевалуација 2024 година, детектирано е дека целокупниот образовен кадар треба континуирано да продолжи да се надоградува и да ги проширува своите граници назнаење од својата област. Тоа значи дека наставниците и стручната служба ќе посетуваат што е можно повеќе семинари и обуки и сето тоа само со една иста цел - професионален развој наобразовниот кадар во училиштето во текот на учебната 2024/25 година.

Секоја учебна година наставниците на последната седница на стручен актив искажуваат потреба за одредени знаења, способности и вештини. Според нивните потреби, оваа година како приоритети за усовршување се наведени следниве компетенции:

- за професионален развој и кареирно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција и афинитети и интереси, мотивација и развој и сл. **– сите наставници;**
- за планирање и реализиација на интегрирани меѓупредметни активности (8)
- за поттикнуање на учениците да поставуваат прашања и стимулирање дискусија – **сите наставници**
- за примена на наставни техники, истражувачки активнти, проектна настава (2);
- за дизајнирање објективни тестови на знаење;
- за воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците;
- за инклузија и пристап во поучување на ученици со посебни образовни потреби/попреченост;
- за развивање критичко мислење кај учениците;
- за овозможување демократска партиципација на учениците во животот на училиштето (2);
- за поттикнување и организирање на учениците да учествуваат во разни активности (натпревари, конкурси, изложби, приредби, проекти ...);
- за изработување наставни средства за инклузивна работа заедно со учениците;
- за воспоставување и обезбедување почитување на правилата за однесување во училницата и училиштето (2);

- за дијагностицирање на слабите и силните страни во учењето на учениците и давање соодветни насоки за понатамошно учење (2);
- за формирање сумативни оценки врз основа на повеќекратни мерења со користење соодветни методи и инструменти;
- за помагање на учениците да прават синтеза на знаењата, да ги поврзуваат претходните знаења со новите и да ја согледаат практичната примена на истите;
- за користење на користам знаењата и вештините стекнати на обуки во својата практика;
- за запознавање на учениците со очекуваните исходи;
- за планирање и применување на различни медиуми и алатки за комуникација, вклучувајќи и аудиовизуелни помагала и компјутери.

## 20.2. Активности за професионален развој

Училиштето изготви програма за професионален развој врз основа на ЛППР и ќе организира најразлични интерни неформални облици на образование (работилници, отворени часови, обуки, предавања, презентации и семинари) кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба. Исто така значаеан дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, МОН, како и други стручни институции од областа на воспитно - образовниот процес, невладини организации и акредитирани провајдери. Во јуни 2024 година сите наставници и стручни соработници присуствуваа на обуки од Каталогот за обуки од БРО, аа исто така во нивниот ЛППР избраа нови теми на интерес што би се одбрале за обуки во 2024/25 од кредитирни провајдери од страна на МОН и БРО.

## 20.3. Личен професионален развој

Секој наставник индивидуално и колективно стручно се усовршува. Индивидуално преку следење на стручна литература, интернет, информално и неформално, додека колективно преку учество на семнари и обуки, како и преку работа на стручните активи. За неговиот професионален развој се води портфолио. Секој наставник пред почетокот на учебната година доставува личен план за професионален развој, кој се труди во текот на учебната година да го реализира. Во јуни секој наставник доставува извештај од реализација на личниот план до тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој изготвува извештај за реализација на програмата за професионален развој на крајот од учебната година.

### 20.4. Хоризонтално учење

Стручните активи редовно одржуваат седници на кои дискутираат и разменуваат искуства и мислења. Исто така посетуваат и меѓусебно часови. Освен за размена на професионално искуство, тимската соработка е многу важна и продуктивна за развивање на отворена комуникација, взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации. За стручно усовршување на наставниците БРО организира повеќе еднодневни и повеќедневни семинари за наставниците од одделенски и од предметна настава. Истите се редовно посетувани од страна на нашите наставници.

Интерното стручно усовршување се врши преку дисеминации, работилници или отворени часови на наставниците и стручната служба на содржините од нивните посетени семинари на останатиот наставен кадар. Исто така, преку работа на стручните активи и Наставничкиот совет, ќе се врши стручно усовршување на наставниот кадар во училиштето. Сите овие предвидени активности ќе се реализираат во согласност со потребите и барањата на училиштето и образовниот кадар во текот на учебната година.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Во нашето училиште, тимската работа е силна страна на училиштето. Истата ќе продолжи и понатаму да се гради и надоградува преку повеќе форми на активности: соработка во рамките на активите, поттикнување на почитување и флексибилност преку индивидуални и групни средби со вработените, учениците и родителите, како и редовно потсетување на Кодексот на однесување и постоечките правилници во училиштето.

## 21. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ /СТАРАТЕЛИТЕ

Соработката на училиштето со родителите како рамноправно социјални партнери ќе се реализира преку секојдневни индивидуални контакти, родителски средби, одбори на родители на паралелките, Советот на родители, со нивно вклучување во сите сегменти на воспитно - образовната дејност.

Успешната соработка со родителите ќе се реализира и преку педагошка едукација на родителите.

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во една организирана општествена заедница најважна основна структура за опстанокот на истата е семејството со сите свои убавини, ангажирања и

резултати, како за себе, така и за своите идни поколенија, кои треба да бидат формирани личности од корист за поширокатa општествена средина. Затоа нашето училиште со големо задоволство и гордост соработува со семејствата, преку Советот на родители кој учествува во целокупната работа на училиштето, а пред сѐ во воспитно образовниот процес. Активностите на родителите ќе бидат насочени кон: вклученост на родителите со постојано информирање за наставниот процес; донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето; помош од семејствата во прибирање дидактички материјали, помагала и други наставни средства, помош во професионалната ориентација на учениците; вклученост на родителите во вонннаставните активности, натпревари, екскурзии, приредби и манифестации. За сите овие активности нашето училиште подготви посебна програма за вклученост и соработка со семејствата и родителите, како и програма за Совет на родители кои следуваат во продолжение на годишната програма за работа на училиштето.

Родителите кои се вклучени во работата на Училишниот одборот во рамки на истиот учествуваат во донесување одлуки што се поврзани со работата на училиштето, а се во рамки на Училишниот одбор.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонннаставните активности

Во рамки на програмата Заедничка грижа за првилно насочување на учениците, родители во улога на наставник реализираат часови со ученици и ги запознаваат со нивните професии и спецификите на истите.

Исто така преку индивидуални и родителски средби родителите имаат увид во успехот на учениците и можност да предлагаат мерки за евентуално подобрување на истиот.

Родителите се вклучени во соработка во различни активности поврзани со Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, како и многу други проекти кои се реализраат во училиштео.

Исто така родителите активно учествуваат со изработки за Новогодишен и Велигденски базар.

Преку Советот на родители активно се вклучени во давање идеи, предлози и донесување одлуки кои се од голема важност за функционирањето на училиштето.

Програмата за вклученост на родителите/старателите во училиштето и програмата за Совет на родители се во прилог.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Исто така нашето училиште планира да организира едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на различни теми преку соопштенија, флаери и брошури. На првата родителска средба во септември секој родител добива Брошура, преку која се запознава со Годишната програма за работа на училиштето.

## 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште е во тесна соработка со Месната заедница Лескоец и со општина Охрид при реализација на речиси сите програми и проекти, како и при реализација на разни настани и случувања во училиштето. И оваа учебна година соработката на нашето училиште со локалната средина ќе продолжи, со цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина, односно во средината во која е лоцирано, заради информирање на средината за постигнатите резултати, присутните состојби и проблеми во училиштето, како и одредена соработка за решавање на истите. Сметаме дека секој ваков вид соработка, посебно, почнувајќи од родителите како најзаинтересирани субјекти за работа на училиштето, па и преку други воспитно - образовни установи и институции од областа на културата, стопанството и други огранизации, е од голема важност за раст и развој на училиштето.

Оваа соработка со локалната средина ќе се остварува преку разновидни општествени, културни и образовни активности заедно со месното население. Преку нив ќе се презентираат постигнатите резултати од работата на слободните ученички активности, а со тоа ќе се афирмира и училиштето како културен и образовен центар. Овие активности ќе се реализираат преку: одбележување на важни датуми и празници, родителски наставнички средби, индивидуални и групни средби со родителите, соработка со семејствата на учениците, посета на домовите на учениците, разновидни собири, приредби, изложби, работни акции, доделување благодарници, пофалници и награди на ученици, собирни акции и други активности.

Целта на ова подрачје е да се анимира и да се стави во педагошка функција сè што може да се понуди во локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи во училиштето, како и на подигнување на културно - образовното ниво на месното население.

### Институции од областа на културата

Училиштето во континуитет комуницира и соработува со институции од областа на културата. Тоа се прави заради остварување на следниве цели и задачи:

- Промоција на училиштето пред локалната и пошироката јавност;
- Информирање на локалната и пошироката јавност за случувањата во училиштето и постигањата на локално, регионално и државно ниво;
- Презентација на ученички и училишни проекти;
- Презентација на заеднички проекти со збратименото училиште од Република Србија и партнер училиштето од Република Македонија;
- Транспарентност во работата на училиштето пред локалната средина и пошироката јавност.

Во текот на учебната година училиштето и ученичките активности ќе бидат промовирани пред јавноста преку нашата веб страна, локалните и национални медиуми. За поважните настани: почетокот на учебната 2024/25 година, приемот на првачињата, приредбите, патрониот празник, еко - проектите и акциите, Еразмус+ проектите, априлијадата, како и активностите

од заедничките проект со збратименото училиште и партнер училиштето, ќе бидат евидентирани и презентирани со фото и видеозапис, како и со репортажи од случувањата, посетите и патувањата.

## Институции од областа на образованието

| | Теми и проблеми | Стратегии/ Начини на комуникација | Одговорни лица |
|---|---|---|---|
| **Министерство за образование и наука** | Законски регулативи; Решенија за наставни планови и програми; Упатства за уписи; Согласности за вработување; Календар за работа за учебната година; Одобрување на статутот на училиштето; Проекти | Дописи, извештаи електронска комуникација | Директор Стручна служба Секретар |
| **Државен просветен инспекторат** | Доследно спроведување на законската регулатива; Самоевалуација на работата на училиштето; Интегрална евалуација на училиштето; Уписи на првачиња; Педагошка евиденција и документација | Дописи, извештаи Електронска комуникација, увиди Состаноци, разговори | Директор Стручна служба Секретар |
| **Биро за развој на образованието (БРО)** | Реализација на наставни програми; Организирање семинари и обуки; Изработка и спроведување на нормативите за наставен кадар; Спроведување на изработените нормативи за обезбедување на услови за работа | Дописи, извештаи, Електронска комуникација, Состаноци, советувања, Разговори, Работилници | Директор Стручна служба Стручни активи Наставници |
| **Државен испитен центар** | Самоевалуација на работата на училиштето Интегрална евалуација на училиштето Екстерни оценувања на учениците | Дописи, извештаи, електронска комуникација, состаноци, советувања, разговори, работилници | Директор Секретар Стручна служба |
| **Локална самоуправа** | Увид во работата научилиштето; Донесување годишни програми и извештаи; Обезбедување материјално - финансиски средства за работа; Ревизија на финансиското работење | Состаноци Писма Електронска комуникација Извештаи | Директор Секретар Стручна служба |

## Невладини организации

Во рамките на нашето училиште се реализира и се планира соработка со повеќе невладини организации. Имаме долгогодишна успешна соработка со Црвен Крст ООЦК – Охрид, која има основна организација во нашето училиште и соработуваме во неколку аспекти. Потоа имаме соработка со Проектот на македонските училиште (Macedonian school project), Мировен Корпус (Peace Corps), Зелен Центар – Охрид, Раст и развој од Скопје, како и со други невладини организации. Со НВО организациите реализираме заеднички работилници, активности, проекти, насочени кон грижа за здравјето, за животната средина, превенција од разни болести, заштита од заразни болести (сида, заразни болести, сезонски грип и друго), постапување во различни ситуации, справување со агресивно однесување, позитивен модел на идентификација и друго. Активностите (предавањата, работилниците) се закажуваат по потреба и во договор со невладините организации.

## Спортски друштва

ООУ „Ванчо Николески“ соработува со сите локални спортски друштва и клубови од Лескоец и Охрид. Нашите ученици се членови на теквондо клубот „Хва Ранг ИТФ“ од Лескоец каде постигнуваат и меѓународни учества и признанија, во ФК „Охрид“, извидничкиот клуб „Пионер“, играорната група „Фолкорист“ од Лескоец и др. Соработката со сите овие клубови е на високо ниво и меѓусебно разбирање и поддршка.

## Здравствени организации

Нашето училиште постојано соработува со сите здравствени иституции, што се состои во систематски прегледи, вакцинации, прегледи на персоналот, одржување на чистотите во училиштето, како и разни предавања и презентации за превенција на здравјето.

## Медиуми

Нашето училиште редовно соработува со локалните медиуми ТВ Мики, ТВ Морис, Ohridpress, Ohridnews, Webohrid, Охрид 24, Развигор, Другарче, Росица, други медиуми и интернет-портали по избор и по потреба. Учествува со свои литературни и ликовни творби на разновидни конкурси, натпревари во знаење и спорт, се прават училишни извештаи за постигањата на учениците, а постигнувањата во училиштето и се истакнуваат и на огласна табла.

## 23. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорни лица | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Планирањата од наставниците | Увид врз:<br>• Годишните планирања (VIII, IX)<br>• Оперативните планирања (континуирано)<br>• Планирања за додатна и дополнителна настава (VIII, IX)<br>• Планирања за воннаставни и вонучилипни активности (VIII и тековно по потреба) | ППС<br>Директорот | Наставниците<br>Директорот |
| Реализација на наставата | • Посета на часови (XI, XII, II, III)<br>• Увид врз тестови на знаење<br>• Увид врз планирањата<br>• Увид врз реализација на дополнителна и додатна настава | ППС<br>Директорот | Наставниците<br>Директорот |
| Водење на педагошка евиденција и документациј а | Увид врз:<br>• Електронските дневници (IX, XI, I, IV, VI)<br>• Главните книги (IX, VI)<br>• Евидентни листови | ППС<br>Директорот | Наставниците<br>Директорот |
| Реализација на проектите во училиштето | • Увид врз планираните активности (континуирано и по потреба)<br>• Увид врз документацијата | ППС<br>Директорот | Наставниците<br>Директорот |
| Реализација на приоритетите во училиштето | • Увид врз планираните активности<br>• Состаноци со тимовите по потреба | ППС<br>Директорот | Наставниците<br>Директорот |
| Работата на стручните активи | • Увид врз планирањата<br>• Присуство на состаноците<br>• Увид врз записниците и извештаите<br>• Поттикнување и поддршка на активите | ППС<br>Директорот | Наставниците<br>Директорот |

## 24. ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

Евалуацијата на Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Николески“ ќе се реализира преку прибирање извештаи после секоја завршена активност (од страна на наставниците или ППС) и записници од состаноците на стручните тела и органи во училиштето. Извештаите ќе се анализираат, систематизираат и организираат во Полугодишен и Краен извештај за реализација на Годишната програма. Ќе се дискутира на седниците на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор за постигнувањата на учениците и успехот во работењето на училиштето воопшто. Сето тоа ќе се зема во предвид во заклучоците за реализација на Годишната програма за работа. Исто така според индикаторите на успешност ќе се врши увид врз активностите за приоритетите и ќе се евалуира нивната успешност. Ќе се анализира и промоцијата на училишните активности преку анализа на објави на Веб страната и објави во медиуми од страна на училиштето.

Ќе се анализираат слабите страни од Самоевалуацијата на училиштето (2024) и ќе послужат за планирање на идни активности за сите 4 подрачја.

## 25. ЗАКЛУЧОК

Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Николески“ е изработена врз основа на насоките од МОН и БРО, во согласност со стратешките цели од Програмата за развој, како и Извештајот од Самоевалуација 2024. Сите активности се прилагодени на нашите можности и капацитети, кои дополнително ќе се развиваат.

Училиштето никогаш не би можело да се издигне на ниво на вистински дом изграден на темелот на правилни вредности и принципи, доколку не би имало соработка меѓу сите фактори вклучени во него. Во нашето училиште се организираат многубројни активности и за секоја од нив се одржуваат заеднички состаноци каде се предлагаат комисии за реализација на активноста. Секоја комисија, секој поединец има право да дава идеи и предлози за подобрување на комуницискaта соработка на сите структури во училиштето.

Меѓусебната соработка, почитувањето и тимската работа во нашето училиште, како и успешното раководење од страна на менаџментот, ќе допринесат сите планирани активности успешно да е реалзиираат, на задоволство на сите засегнати субјекти, учениците, родителите и вработените.

## 26. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ООУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“

1. Сашо Климоски – директор
2. Весна Терзиоска – педагог
3. Александра Трпеска – психолог
4. Јасна Бадалоска – наставник во одделенска настава
5. Даниела Чифлигароска - наставник во одделенска настава
6. Елисабета Настоска – наставник во предметна настава
7. Емилија Блажеска – наставник во предметна настава
8. Билјана Коталеска – родител
9. Хрисијан Климоски – претставник од Ученички парламент

## 27. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. МОН. Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, Скопје; 2024.
2. МОН. Закон за основно образование, Скопје: 2019.
3. Правилници и концепции од БРО и МОН.


Дата: 15.07.2024

| | |
|---|---|
| Директор | Претседател на Училиштен одбор |
| Сашо Климоски | Катерина Сотироска |

МП

**ПРИЛОЗИ КОН ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ ЗА 2024/25:**

- ✓ Број на ученици и паралелки во Лескоец, во ПУ Косел, ПУ Куратица и ПП Ливоишта
- ✓ Наставни планови за 2024/25 година
- ✓ Годишна програма за работа на директорот
- ✓ Годишна програма за работа на стручната служба (педагог и психолог)
- ✓ Годишна програма за работа на библиотекарот
- ✓ Програма за работа на стручните органи (Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет и одделенски совети)
- ✓ Програми за работа на стручните активи
- ✓ Програма за работа на инклузивниот тим на училиштето
- ✓ Програма за работа на Ученички парламент
- ✓ Програма за работа на заедницаа на паралелката
- ✓ Акциски планови за реализација на сите проекти и акциски истражувања
- ✓ Програма за воннастани активноссти
- ✓ Програма за додатна настава
- ✓ Програма за дополнителна настава
- ✓ Програма за вонучилишни активности
- ✓ Програма за реализација на ученички натпревари во учебната 2024/25
- ✓ Програма за унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

- ✓ Проекти што се реализираат во основното училиште
- ✓ План за поддршка на учениците и подобрување на резултатите
- ✓ План за професионална ориентација на учениците
- ✓ План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација
- ✓ План за следење и анализа на состојбите со оценувањето
- ✓ Пплан за стручни посети за следење и вредување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар
- ✓ Програма за самоевалуација на училиштето
- ✓ Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- ✓ Распоред на дежурни наставници
- ✓ План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
- ✓ Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)
- ✓ Програма за професионален и кариерен развој на воспитно - образовниот кадар
- ✓ Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите
- ✓ План за родителски средби
- ✓ Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница
- ✓ Програма за грижа за здравјето на учениците
- ✓ Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиштерограма за јавна и културна дејност на училиштето
- ✓ Распореди на ѕвонење
- ✓ Распореди на часови

## БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ПАРАЛЕЛКИ

### ЛЕСКОЕЦ

| Одделение | Број на учениците Се | Ж | М | А | Б | Бројна паралелки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 19 | 7 | 12 | 9 | 10 | 2 |
| II | 25 | 16 | 9 | 12 | 13 | 2 |
| III | 23 | 12 | 11 | 11 | 12 | 2 |
| IV | 21 | 13 | 8 | 11 | 10 | 2 |
| V | 25 | 13 | 12 | 13 | 12 | 2 |
| **I – V** | **113** | **61** | **52** | **56** | **57** | **10** |
| VI | 18 | 6 | 12 | 9 | 9 | 2 |
| VII | 26 | 12 | 14 | 13 | 13 | 2 |
| VIII | 27 | 13 | 14 | 13 | 14 | 2 |
| IX | 24 | 9 | 15 | 11 | 13 | 2 |
| **VI - IX** | **95** | **40** | **55** | **46** | **49** | **8** |
| **I – IX** | **208** | **101** | **107** | **102** | **106** | **18** |

### ПУ во КОСЕЛ, КУРАТИЦА И ЛИВОИШТА

| Одделение | Косел | | Куратица | | Ливоишта | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | женски | вкупно | женски | вкупно | женски |
| I | 3 | 2 | 1 | 1 | / | / |
| II | 5 | 2 | 1 | 1 | / | / |
| III | 5 | 4 | 3 | 1 | / | / |
| IV | 5 | 2 | 1 | / | / | / |
| V | 3 | 2 | / | / | / | / |
| **I – V** | **21** | **12** | **6** | **3** | **/** | **/** |
| VI | 3 | 2 | 1 | / | / | / |
| VII | 5 | 3 | 2 | 2 | / | / |
| VIII | 4 | 3 | / | / | / | / |
| IX | 5 | 4 | / | / | / | / |
| **VI – IX** | **17** | **12** | **3** | **2** | **/** | **/** |
| **I – IX** | **38** | **24** | **9** | **5** | **/** | **/** |

Паралелките во подрачните училишта во одделенска настава се групирани на следниот начин: Во Косел 1 паралелка со ученици I и II одделение, 1 паралелка со ученици III одделение и 1 паралелка со ученици IV и V одделение. Куратица 1 паралелка со ученици од I, II, III и IV одделение. Според националниот состав сите ученици и во централното училиште во Лескоец и во подрачните училишта се македонци.

Вкупно ученици на ниво на училиште:

**Лескоец (208) + Косел (38) + Куратица (9) = 255**

## НАСТАВНИ ПЛАНОВИ

| НАСТАВА | ЧАСОВИ ПО ОДДЕЛЕНИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **I. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** |
| Македонски јазик | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Англиски јазик | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 |
| Математика | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Природни науки | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Општество | 1 | 1 | 1 | / | / |
| Историја и општество | / | / | / | 2 | 2 |
| Техничко образование и информатика | / | / | / | 1 | 2 |
| Музичко образование | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Ликовно образование | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Физичко и здравствено образование | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| **II. ДОПОЛНИТЕЛНА И ДОДАТНА Н.** | / | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **III. Слободни Изборни Предмети (СИП)** | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **IV. ЧАС НА ОДДЕЛЕНСКА ЗАЕДНИЦА** | / | 1 | 1 | 1 | 1 |

| НАСТАВА | ЧАСОВИ ПО ОДДЕЛЕНИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **I. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
| Македонски јазик | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Англиски јазик (прв странски јазик) | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Германски јазик (втор странски јазик) | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Математика | 5 | 4 | 4 | 4 |
| Историја и општество/ Историја | 3 | 2 | 2 | 2 |
| Географија | / | 2 | 2 | 2 |
| Граѓанско образование | / | / | 1 | 1 |
| Природни науки | 3 | / | / | / |
| Биологија | / | 2 | 2 | 2 |
| Физика | / | / | 2 | 2 |
| Хемија | / | / | 2 | 2 |
| Техничко образование и информатика | 2 | / | / | / |
| Информатика | / | 1 | / | / |
| Етика | / | 1 | / | / |
| Иновации | / | / | / | 1 |
| Музичко образование | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Ликовно образование | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Физичко и здравствено образование | 3 | 3 | 3 | 3 |
| **II. ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
| СИП 1 (Религии во светот) и СИП 2 (Имам права) | 2 | / | / | / |
| СИП 1 и СИП 2 ( VIIа, VIIб и VII Косел) | / | 2 | / | / |
| Проек. од инф. (VIIIа, VIIIб, VIII Косел и VIII Куратица) | / | / | 2 | / |
| Програмирање (IXа и IXб) | / | 2 | / | 2 |
| **III. ДОПОЛНИТЕЛНА И ДОДАТНА Н.** | 1 + 1 | 1 + 1 | 1 + 1 | 1 + 1 |
| **IV. ЧАС НА ОДДЕЛЕНСКАТА ЗАЕДНИЦА** | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **V. ХОР И ОРКЕСТАР** | 2 часа + 2 часа неделно | | | |

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

| Подрачје | ЦЕЛИ | Активности | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | СОРАБОТНИЦИ |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОДСТВО** | | | | |
| **1.1 Стратешко водство** | | | | |
| 1.1.1 | Вложува во развој на идентификуваните водачи, формира тимови, им дава ресурси, авторитет и одговорности и им овозможува слобода за дејствување | Формирање инклузивен тим;тим за подготвување на проекти,тим за професионален развој | Септември октомври | П.П служба, Наставници |
| 1.1.2 | Остварува континуирана соработка со органите и телата во училиштето. | Редовно одржување состаноци според планот и програмата на училиштетето | континуирано | П.П служба, наставници, секретар |
| **1.2 Училишна клима и култура** | | | | |
| 1.2.1 | Воспоставува механизми за поддршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања | Изработување критериум за вреднување на наставниците.<br>Изнаоѓање механизми за стимулирање на учениците | Прво полугодие | Психолог, Наставници |
| 1.2.2 | Презема активности за одржување на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето и гради позитивна клима и прифаќање и почитување на сите | Редовна комуникација со сите вработени и ученици | континуирано | Сите вработени и ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.2.3 | Воспоставување систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби | Прифаќање и испраќање на првачињата од страна на наставничката.<br>Редовно дежурство од страна на наставниците<br>Обезбедување образовни асистенти за ученици со посебни образовни потреби | Септември континуирано | Наставници,образовни асистенти |
| 1.2.4 | Со вработените ,учениците и родителите ги промовира вредностите на училиштето | Учество на натпревари<br>Работилници (родители,наставници,ученици)<br>Ажурирање на Веб страната од училиштето | Според планираното | Наставници, ученици, родители |
| 1.2.5 | Обезбедува принцип на ОТВОРЕНА ВРАТА за соработка со наставници, родители и локалната заедница, бизнис секторот.... | Организирање на училишни настани, средби, натпревари, приредби, манифестации и „отворена врата“ за<br>соработка со локална заедница, родители и бизнис сектор | Континуирано | Сите вработени, родители, локална заедница |
| 1.2.6 | Се однесува согласно етичките принципи и определби во кодексите<br>Ги поддржува и се грижи вработените, учениците и родителите да се однесуваат согласно етичките принципи и вредности | Да се потсетуваат на изложениот Кодекс за однесување на ученици и кодекс за однесување на наставници и на родители на соодветно место<br>Одржување советодавни средби | континуирано | Наставници, ученици |
| 1.2.7 | Обезбедува услови за реализација на активности од областа на инклузија, мултикултурализам, меѓуетничка интеграција,екологија. | Да се изработуваат програми за учениците со посебни потреби<br>Да се планираат и реализираат содржини со теми од МИО и ЕКО проектите | Септември, според планираното | Наставници, ученици |
| **1.3 Соработка со родителите и заедницата** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.3.1 | Учествува во планирање, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и воннаставни активности) | Овозможување посета на институции, историски места, објекти, реализација на вонннаставни активности и сл.според планирањата на наставниците, | Континуирано и по потреба | наставници, ученици |
| 1.3.2 | Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што го засегаат училиштето и локалната заедница (непогоди, епидемии, насилство, криминални појави) | Да се одржат показни вежби за справување со кризни ситуации од страна на специјализирани институции (Пожарна, Црвен крст, Полиција) | октомври и по потреба | Сите вработени во училиштето |
| 1.3.3 | Промовира и прифаќа вклучување волонтери во училиштето и волонтерско вклучување на учениците и вработените во заедницата | Вклучување на учениците во волонтерски активности (црвен крст, невладини организации..) | Септември, октомври, континуирано | ППС |
| 1.3.4 | Соработка со институциите надлежни за образованието (МОН, БРО, ДПИ и др.) | Постапување според програмите, насоките и упатсвата од надлежните институции при реализирање на воспитно-образовниот процес во училиштето | Континуирано | Наставници, ППС, ученици |
| 1.3.5 | Поттикнува меѓуучилишна соработка и со училишта со различен наставен јазик | Реализирање на проектот за ПМИО компонентата 1 со партнер –училиштето од Лисичани | континуирано | Наставници, ученици, родители |
| 1.3.6 | Соработува со советот на родители заради поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето | Одржување работни конструктивни средби со советот на родители (вклучување во реализација на приоритетите)<br>Редовни средби, консултации и соработка со родителите на учениците | континуирано | Наставници, ученици, родители |

| 2. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.1 Комуникации и односи со јавноста** | | | | |
| 2.1.1 | Формира тим за односи со јавноста и изготвување акционен план и програма за презентација на училиштето | Да се формира тим на ниво на училиште<br>Да се изготви акционен план и програма за презентација на училиштето и односи со јавноста | август<br>септември<br>тековно | ПП служба, наставници |
| 2.1.2 | Воспоставува и одржува јасен систем на комуникација во училиштето и со средината.<br>Комуницира со вработените континуирано, непосредно, во писмена и во електронска форма | Неформални средби<br>Редовни состаноци | тековно | Сите вработени |
| **2.2 Унапредување на меѓучовечките односи** | | | | |
| 2.2.1 | Воспоставува процедури и критериуми за оддавање признанија на вработените.<br>Применува техники за мотивација согласно ситуацијата и вклучените актери. | Да се изработи правилник за вреднување на наставничкиот кадар<br>Да се изработи план за активности на технички персонал<br>Да се изработи правилник за вреднување на активностите на технички персонал | Август<br>септември | Наставници, ППС, секретар, Технички персонал |
| **2.3 Професионален и кариерен развој** | | | | |
| 2.3.1 | Прави анализа на ефективноста на сопственото работење | Да води белешки<br>Да изготви извештај за сработеното | Јули,август | самостојно |
| 2.3.2 | Воспоставува систем за интерно стручно усовршување на вработените (предавања, работилници и сл.) | Реализирање обуки на вработените | По укажана потреба | ППС<br>Наставници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.3.3 | Обезбедување стручно усовршување на вработените<br>Правична распределба на ресурси и можност за професионален развој<br>Ги менаџира активностите предвидени во годишниот план за професионален развој | Организирање предавања за професионален развој според добиените приоритети | по потреба и континуирано | Директор<br>ППС<br>Наставници |
| **2.4 Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање** | | | | |
| 2.4.1 | Го планира потребниот персонал во соработка со одговорните институции.<br>Спроведува интервју со потенцијални кандидати за вработување.<br>Обезбедува стручен и компетентен кадар | Навремено објавување оглас за вработување во соработка со одговорните институции | септември и по потреба | Секретар, ППС |
| 2.4.2 | Има изготвено систем за поддршка на нововработениот персонал.<br>Го следи и поддржува спроведувањето на планот и програмата за работно воведување | Изготвување план и програма за работно воведување и обезбедување негова реализација<br>Назначување ментор | Септември, тековно | Наставници, ППС |
| 2.4.3 | Транспарентно изготвување план за распределба на работниот ангажман на вработените | Изготвување распределба на работниот ангажман на вработените пред почетокот на учебната година | Август септември | Наставници |
| **3. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО** | | | | |
| **3.1 Планирање** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.1.1 | Го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелните приоди, програми и проекти | Ангажирање на наставниците за изработка на планови за интеграција на животни вештини, мултикултурализам, меѓуетничка интеграција во образованието, еколошки проекти и сл. | Септември, тековно | Наставници, ППС |
| 3.1.2 | Формира работни тимови, учествува и ја следи изработката на развојниот план и годишната програма на училиштето | Соработка со тимот формиран за изработка на годишната програма. | Јуни,јули,август | ППС |
| **3.2 Поддршка на наставата и учењето** | | | | |
| .3.2.1 | Изработува и користи инструменти за следење на наставата (подготовки, реализација).<br>Следи наставни часови и дава повратни информации | Изработка на инструмент за следење на наставата<br>Следење наставни часови и давање повратни информации | континуирано по потреба | самостојно |
| **3.3 Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)** | | | | |
| 3.3.1 | Следење ефикасност на организацијата на работата<br>Обезбедување квалитет на образовниот процес | Навремено изработување на распоред на часови, вонннаставни активности, вонучилишни активности<br>Воспоставување систем на следење | септември континуирано | ППС, наставници |
| 3.3.2 | Обезбедува потребни дидактички средства, работни материјали, инструменти и друг материјал. | Навремено обезбедување на потребни дидактички средства, работни материјали, инструменти и друг материјал. | континуирано | ППС, наставници, ученици |
| **3.4.Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.4.1 | Обезбедува и промовира грижа од страна на сите во училиштето за физичката средина (изглед, хигиена...) | Континуирано одржување на хигиена во училиштето од страна на техничкиот персонал<br>Грижа и одржување на инвентарот во училиштето од страна на сите вработени во училиштето | континуирано | Сите вработени |
| **4. ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ** | | | | |
| **4.1 Раководење со финансиските ресурси** | | | | |
| 4.1.1 | Буџетот го користи за различни цели фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина | Донесување на буџетот согласно предвидени процедури<br>Навремено реализирање на јавни набавки<br>Информирање на органите и телата во училиштето за трошење финансиски средства | Според планираното | Секретар, книговодител |
| **4.2 Раководење со материјалните ресурси** | | | | |
| 4.2.1 | Изготвува план и распоред за максимално користење на расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, во согласност со потребите на учениците | Прилагодување на постоечките простории за максимално искористување во наставните и воннаставните активности. | Јули,август | Технички персонал |
| 4.2.2 | Обезбедува наставни средства и помагала согласно нормативот по сите наставни предмети | Обезбедување наставни средства и помагала согласно нормативот и потребите по сите наставни предмети | Септември, континуирано | Разни институции и НВО |
| **5. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО** | | | | |
| **5.1 Примена на законски и подзаконски акти** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.1.1 | Обезбедува примена на законската регулатива во училиштето.<br>Воспоставува систем за информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантните законски прописи | Секојдневно следење на работата на секретарот и останатите вработени во училиштето | континуирано | Секретар, ППС, наставници, технички персонал |
| **5.2. Изработка и примена на интерни акти и документација** | | | | |
| 5.2.1 | Организира и учествува во работата на тимови за изработка на интерни акти | Формирање на тимови за изработка на интерни акти<br>Контрола на работата на тимовите | континуирано | ППС, Стручни активи |
| **5.3. Раководење со административните процеси** | | | | |
| 5.3.1 | Воспоставува добро организиран систем за административна работа согласно соодветната законска регулатива и индикаторите за квалитет на работата на училиштето што е добро организиран и лесно достапен | Доделување задачи на вработените, почитување на рокови и непосредно раководење | по потреба | Сите вработени |
| **5.4. Примена на информациските системи во училиштето** | | | | |
| .5.4.1 | Обезбедува услови за сеопфатна електронска евиденција на сите активности на училиштето | Обуки за наставниците<br>Донесување акти за одржување и правилно користење на информациско-комуникациска опрема. | тековно и по потреба | ППС, Наставници, ученици |

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ

| **1. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | | **1.1 Поддршка на учениците во учењето<br>1.2 Следење и поддршка на развојот на учениците<br>1.3 Професионална и кариерна ориентација на учениците** | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачје** | **АКТИВНОСТИ** | **ЦЕЛИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **СОРАБОТНИЦИ** |
| 1.1 и 1.2 | Индивидуално тестирање на учениците кои се запишале во I одделение, но до крајот на календарската година не навршуваат 6 години. | ✓ Да се изврши проверка на спремноста (предзнаењата) на децата кои се запишале во I одделение, а до крајот на календарската година нема да наполнат 6 години. | 1,2/јуни<br>3,4/август | Психолог, Наставници од одделенска настава (I одд.) |
| 1.1 и 1.2 | Евидентирање ученици од I одд. кои имаат тешкотии во совладувањето на наставниот материјал. | ✓ Да се следи адаптирањето на учениците во прво одделение и навремено да се откријат евентуални проблеми. | 1,2/октомври<br>1,2/ноември | Психолог, Наставници од I одд., Ученици, Родители |
| 1.1 и 1.2 | Следење и испитување на усвоеноста на материјалот по МАТЕМАТИКА кај учениците од I одд. со тестови на знаење. | ✓ Да се следи усвоеноста на материјалот по математика кај учениците од I одд. | 1/април | Психолог, Наставници од одделенска настава (I одд.) |
| 1.1 и 1.2 | Следење и испитување на усвоеноста на буквите и техниката на читање и пишување кај учениците од II одд. | ✓ Да се следи усвоеноста на техниката за читање (брзина и точност) и пишување кај учениците од II. | 2/март<br>3/мај | Психолог, Наставници од одделенска настава (II одд.) |
| 1.1 и 1.2 | Следење и испитување на усвоеноста на знаења по предметот МАКЕДОНСКИ Ј. кај учениците од III одделение со тестови на знаење. | ✓ Да се следи усвоеноста на материјалот по македонски јазик (граматика) кај учениците од III одд. | 4/април | Психолог, Наставници од одделенска настава (III одд.) |
| 1.1 и 1.2 | Следење и испитување на усвоеноста на материјалот на одредена тема по ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО во IV одд. со тестови на знаење. | ✓ Да се следи усвоеноста на материјалот по Историја и општество кај учениците од IV одд. | 1/мај | Психолог, Наставници од одделенска настава (IV одд.) |
| 1.1 и 1.2 | Следење и испитување на усвоеноста на материјалот по предметот ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО во V одд. со тестови на знаење. | ✓ Да се следи усвоеноста на материјалот по Историја и општество кај учениците од V одд. | 4/април | Психолог, Наставници од одделенска настава (V одд.) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.1 и 1.2 | Советодавна работа со учениците кои брзо напредуваат или пак имаат некакви потешкотии при совладувањето на ученичките обврски, покажуваат слаб успех, нередовност и асоцијално однесување. | ✓ Да се надминат проблемите што произлегуваат од ученици кои во континуитет имаат тешкотии во учењето, неадаптирано (девијантно, агресивно и сл.).<br>✓ Да се обезбеди максимално користење на ученичкиот потенцијал. | Континуирано и по потреба | Психолог, наставници, ученици, родители, директор |
| 1.1 и 1.2 | Следење на успехот, редовноста (посебно на неоправданото отсуство) и дисциплината на учениците и преземање активности за решавање на евентуалните проблеми. | ✓ Да се обезбеди потребниот успех и редовност на учениците. | Континуирано и по потреба | Психолог, одд. раководители, наставници, директор |
| 1.2 | Реализирање работилници со избрана група ученици во рамки на проектот за зачувување на менталното здравје на учениците (поврзано со обуката од БРО) | ✓ Учениците да ги добијат потребните вештини за справување со сензитивни ситуации. | Септември - Ноември | Психолог |
| 1.2 и 1.3 | Активности со ученици од IX одделение за избор на средно училиште.<br>• Анкета за професионална желба<br>• Прашалник<br>• Конкурс | ✓ Да се запознаат со средните училишта каде можат да го продолжат своето образование.<br>✓ Да се запознаат со конкурсот, условите и потребните документи за упис. | 1/Декември<br>3/март<br>3/Мај | Психолог |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.1, 1.2 и 1.3 | Реализирање работилници со учениците:<br>• Работилница со учениците од IX во врска со идната професија.<br>• Работилници со учениците од IX одд. од „Вештини на адолесценција” (ВА).<br>• Работилници со учениците од VIII одд. на тема: “Разлики, сличности, дискриминација, стереотипи и предрасуди” (ВА).<br>• Работилници со ученици од VIII и IX одделение на тема „Волонтеризам“ (во соработка со наставник по Граѓанско образование)<br>• Спречување на насилно однесување (со ученици кои покажуваат насилно однесување)<br>• За ненасилно решавање конфликти со учениците од V одд.<br>• Работилница „Техники неопходни за успешно учење“ (по потреба и избор).<br>• Работилници за превенција и унапредување на менталното здравје и добросостојба кај учениците.<br>• Презентација за „Унапредување на менструалното здравје и хигиена“ со ученички од предметна настава. | ✓ Да се делува едукативно врз учениците за избор на идна професија, за да кажат „НЕ“ на пороците, да ги почитуваат разликите, да не се однесуваат дискриминирачки, да не создаваат стереотипи, да не покажуваат насилно однесување.<br>✓ Да се стекнат навики за волонтирање, корисно поминување на слободното време, здрави животни навики.<br>✓ Да се применуваат интерактивни модели на советување.<br>✓ Да се спречи насилно однесување и да се промовира асертивна комуникација.<br>✓ Да се подобри учењето кај одредена група ученици.<br>✓ Да се унапредува менталното здравје и добросостојбата кај учениците.<br>✓ Да се стекнат вештини за зачувување на менталното здравје. | 2/октомври<br>2,3/март<br>1/декември<br>по потреба<br>3/февруари<br>IV/V<br>по потреба | Психолог<br>Ученици |
| 1.2 | Активности со ученици од Еразмус+ клубот:<br>• Креативни работилници<br>• Состаноци<br>• Изработка на материјали потребни за Еразмус+ проектите, насоки, увид<br>• Подготовка за заеднички мобилности<br>• Насоки за изготвување Power point презентации, видеа, материјали и сл. | ✓ Да се подготвуваат учениците со животни вештини за снаоѓање во реалниот живот.<br>✓ Да се учат да почитуваат правила.<br>✓ Тимска работа, чувство на припадност.<br>✓ Успешно реалзиирање на плановите од Еразмус+ проектите. | Во текот на цела учебна година според планот на Еразмус+ активностите | Елисабета Настсока координатор на Еразмус+ клубот<br>Предметни наставници<br>Директорот |
| **2. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | **2.1 Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на ВОП**<br>**2.2 Поддршка на наставниците за работа со учениците**<br>**2.3 Поддршка на наставниците за работа со родителите** | | |
| **подрачје** | **АКТИВНОСТИ** | **ЦЕЛИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **СОРАБОТНИЦИ** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Давање стручна помош и насоки на наставниците за планирање на наставата (консултации за годишно и тематско процесно планирање). Доколку има потреба и за планирање според новата концепција. | ✓ Да се дадат стручни насоки за изготвување планирања. | 1,2/јули<br>3,4/август<br>септември<br>тековно | Психолог |
| 2.1 | Давање стручна помош и насоки на наставниците за оперативните планирања, односно неделни планирања и сценарија. | ✓ Да се дадат стручни насоки за изготвување оперативни планирања (сценарија) со сите елементи. | 1,2/септември<br>тековно | Психолог |
| 2.1 | Давање поддршка на наставниците во планирање и реализација на активности во рамки на МИОМ (проектот со партнер училиштето) | ✓ Да се даде поддршка на сите наставници кои реализираат активности, работилници за МИОМ.<br>✓ Да се реализира МИОМ. | Септември,<br>октомври<br>и по потреба | Членови на СИТ |
| 2.1 | Следење на водењето на педагошката евиденција и документација од страна на наставниците и давање поддршка. | ✓ Уредно да се води целокупната ПЕиД | септември,<br>ноември,<br>јануари,<br>април, јуни | психолог<br>наставници<br>директор |
| 2.1 | Соработка со наставниците околу подготовка на сите видови настава (задолжителна, изборна, додатна, дополнителна). | ✓ Да се обезбеди современа и квалитетна настава, според најновите барања и стандарди. | 4/август<br>1,2/септември<br>континуирано | Психолог<br>Наставници |
| 2.1 | Помош и поддршка околу пополнување на обрасците за водење на дополнителна, додатна настава и вонанаставни активности (VIII и IX). | ✓ Увид врз пополнетите обрасци, давање асоки и архивирање. | Јануари<br>Јуни | Психолог<br>Наставници |
| 2.1 | Помош и поддршка на наставниците при внесување иновации во наставата. | ✓ Да се обезбеди навремена, целосно и соодветна имплементација на иновациите во наставата и образованието воопшто. | по потреба<br>и<br>континуирано | Директор<br>Психолог<br>Наставници |
| 2.1 и 2.2 | Изготвување апликација за проект за набавка на нагледни средства, како и давање стручна и организациска помош на наставниците во обезбедување наставни средства. | ✓ Да се подобри нагледноста во училиштето.<br>✓ Да се поттикне креативноста кај наставниците за изготвување пригодни наставни средства. | тековно и по<br>потреба | Наставници |
| 2.1 и 2.2 | Следење на интеграција на наставни содржини од различни наставни предмети. | ✓ Да се интегрираат различни предмети на иста тема, содржина во одделенска/предметна настава.<br>✓ Да се посетат часови со интеграција | По договор | Наставници |
| 2.1 и 2.2 | Следење на усвоеноста на материјалот по одредени предмети кај учениците од одделенска настава, преку организирање училишни натпревари со тестови од страна на службата. | ✓ Да се следи усвоеноста на материјалот по математика кај учениците од I одд.; техниката за читање (брзина и точност) кај учениците од II одд.; македонски јазик (граматика) кај учениците од III одд.; Историја и општество кај учениците од IV одд. и V одд. | 2/март, 3/мај,<br>4/април, 1/мај | Психолог<br>Наставници од одделенска настава<br>Ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.2 | Консултативна работа со наставниците при избор и примена на активни методи, форми и современи техники. | ✓ Да се поттикнат наставниците да применуваат активни форми, методи и техники на работа/активна настава. | континуирано | Наставници |
| 2.2 | Следење и давање поддршка при организација и реализација на воннаставните активности и работата на Ученички парламент, Детска организација и Училишниот клуб на ЦК. | ✓ Да се изготват програми за воннаставни активности.<br>✓ Да се реализираат програмите за воннаставните активности. | јуни, јули,<br>септември<br>по потреба | Психолог<br>Наставници |
| 2.2 | Следење на успехот, редовноста (посебно на неоправданото отсуство) и дисциплината на учениците и преземање активности за решавање на евентуалните проблеми. | ✓ Да се обезбеди потребниот успех и редовност на учениците. | Континуирано и<br>по потреба | Психолог, одд. раководители, наставници, директор |
| 2.2 | Консултации и поддршка за реализација на програмата ОЖВ. | ✓ Да се даде поддршка на наставниците за планирање и реализација на програмата ОЖВ (посебно на новите одделенски раководители) | 4/август,<br>1,2/септември<br>по потреба | Психолог |
| 2.1 и 2.2 | Консултативни разговори со наставниците пред и по посета на час. | ✓ Да се обезбеди квалитет во реализација на наставата (според план на посета на часови). | Октомври, декември, февруари, март | Психолог, Директор<br>Наставници |
| 2.2 и 2.3 | Советодавно-консултативна работа со одделенските раководители при откривањето и разрешувањето на проблемите на релација: ученик - училиште - семејство. | ✓ Да се откријат и навремено да се разрешат евентуални проблеми. | Континуирано и<br>по потреба | Психолог, Одд. раководители, Наставници, Директор |
| 2.2 | Стручна помош и поддршка на наставниците при индивидуалната работа со учениците. | ✓ Да се помогне на учениците да го искористат максимално својот потенцијал. | по потреба | Психолог<br>Наставници |
| 2.2 | Инструктивна помош и поддршка на наставниците при водење на педагошката евиденција и документација. | ✓ Да се постигне квалитетно водење на ПЕиД. | ноември, јануари, април, јуни, по потреба | Психолог<br>Директор |
| 2.1, 2.2 и 2.3 | Активности во врска со работно воведување и менторирање нови наставници.<br>Поддршка и на назначен ментор во водењето приправник. | ✓ Да се даде поддршка на приправниците во училиштето.<br>✓ Правилно и квалитетно приправниците работно да се воведат во училиштето. | тековно и по<br>потреба | Наставници<br>приправници |
| 2.1, 2.2 и 2.3 | Поддршка на наставник приправни за полагање приправнички испит (изготвување домашна работа, сценарио за час, студија на случај/акциско истражување и материјали за полагање на ЗОО) | ✓ Да се даде поддршка на присрпавникот за полагање приправнички испит (домашна работа, ЗОО, подготовка за приправничкиот час) | септември, октомври, ноември | Наставник приправник |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.1 и 2.2 | Професионално и стручно усовршување на наставниот кадар преку анализа на нагледни и отворени часови, како и анализа на оперативни планови и припремени стручни теми, со можност за дискусија пред активите и другите органи на училиштето. | ✓ Да се реализираат отворени и нагледни часови.<br>✓ Да се поттикне професионалниот развој кај наставниците. | по потреба и континуирано | Наставници |
| 2.1 и 2.2 | Реализирање интерни презентации, обуки, едукации со сите наставници (во рамки на стручни активи) за поддршка на учениците за справување со специфични ситуации. | ✓ Да се исполни Програмата за професионален развој<br>✓ Да се реализираат ЛППР на наставниците. | Јануари, февруари, јуни/јули | Претседатели на стручни активи и наставници |
| 2.1 и 2.2 | Поддршка во реализација на програмата за професионален развој на училиштето. | ✓ Реализација на интерни обуки, работилници.<br>✓ Учество во реализација на обука од страна на наставници во училиштето.<br>✓ Водење на професионалниот развој на наставниците. | по потреба континуирано март | Наставници, директор, психолог |
| 2.1 и 2.2 | Давање поддршка на наставниците за примена на формативното оценување и акционо истражување. | ✓ Да се даде поодршка на наставниците за правилно и квалитетно формативно оценување, како и евентуално спроведување на акциско истражување. | по потреба | Наставници |
| 2 | Стручно да се усовршува наставниот кадар преку обезбедување и посочување стручна литература. | ✓ Наставниот кадар да биде во чекор со современите промени. | континуирано | Директор<br>Наставници |
| **3. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ** | | **3.1 Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите**<br>**3.2 Едукација на родители**<br>**3.3 Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето** | | |
| **подрачје** | **АКТИВНОСТИ** | **ЦЕЛИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **СОРАБОТНИЦИ** |
| 3.1 | Индивидуално тестирање на учениците кои се запишале во I одделение, но до крајот на календарската година не навршуваат 6 години и консултативен разговор со родителите. | ✓ Да се изврши проверка на спремноста (предзнаењата) на децата кои се запишале во I одделение, а до крајот на календарската година нема да наполнат 6 години и заедно со родителите да се одлучи што понатаму. | 1,2/јуни<br>3,4/август | Психолог<br>Наставници од одд настава (I одд.) |
| Следење на квалитетот на наставата преку посета на часови | Обезбедување квалитетна, современа настава за учениците | Во текот на учебната година | Директор<br>Педагог<br>Психолог | Инструменти за следење и евалуација на посетените часови од директор, педагог и психолог | Поквалитетна реализација на часовите<br>Користење на современи методи и техники во настава |
| Разговор со секој наставник после секој посетен час | Подобрено планирање и реализација на наставата | Во текот на учебната година | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Наставници | Инструменти за следење и евалуација на посетените часови | Наставниците поквалитетно ги планираат и реализираат часовите |
| Евалуација на посетените часови | Обработка на податоците од увидна часовите | Јуни | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Наставници | Инструменти за следење и евалуација на часовите<br>Извештаи, анализи информации | Поефикасна, современа наставата |

## ПРОГРАМА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште претходната учебна година изготви Самоевалуација 2024, па поради тоа следната учебна година нема да се исзготвува Самоевалуација.

Следната Самоевалуација нашето училиште ќе започне да ја изготвува во 2026 година, почитувајчи го Правилникот за изготвување СЕУ и Развојна програма.

Најпрво ќе се формира комисија за изготвување СЕУ, па потоа ќе се направат 4 тимови со одговорни наставници за секое од 4-те подрачја, па ќе се пристапи кон прибирање податоци, подготовка инструменти за прибирање податоци, анкети, интервјуа и сл., потоа обработка на податоците, за на крај да се изготви Извештај од Самоевалуација.

Резултатите од Самоевалуацијата 2024 се дел од оваа Годишна програма за работа на училиштето.

## ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

ООУ „Ванчо Николески“ има план за заштита и евакуација во случај на елементарни непогоди, кој е истакнат на јавно место. Теоретско и практично обучување на вработените во училиштето се изврши минатата година, за што вработените имаат уверенија за завршена обука. Секоја година преку ООЦК Охрид се обучуваат по двајца вработени за пружање прва помош.

Одговорно лице за определување на деловен простор и средства со кои ќе се изведува евакуацијата е Директорот.






## РАСПОРЕД НА ДЕЖУРНИ НАСТАВНИЦИ

| ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА | |
|---|---|
| Понеделник | 1. Жаклина Трипунова<br>2. Ана Ристевска |
| Вторник | 1. Силвана Смическа<br>2. Елеонора Ѓоргиеска |
| Среда | 1. Јасна Бадалоска<br>2. Елизабета Јанеска |
| Четврток | 1. Марија Крцоска<br>2. Марјана Крстаноска |
| Петок | 1. Орнела Усовиќ<br>2. Татјана Симиџиоска |
| **ПРЕДМЕТНА НАСТАВА** | |
| Понеделник | 1. Жаклина Петровска Митковска<br>2. Цвета Андреска<br>3. Миле Аврамоски/Весна Симоноска |
| Вторник | 1. Емилија Блажеска<br>2. Елисабета Настоска<br>3. Татјана Пуцоска Бунческа |
| Среда | 1. Зорица Азеска Спасеска<br>2. Тони Ѓорѓиески<br>3. Горан Матески |
| Четврток | 1. Александра Петревски<br>2. Елена Ел-Нади<br>3. Елизабета Велјаноска |
| Петок | 1. Љубица Тодороска<br>2. Тони Црвенкоски<br>3. Наталија Јованова |

## ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО

**Тема:**

- Развивање на способности за барање на необични решенија и афирмација и развој на креативноста

**Цели:**

- Организирање на слободното време на децата за креативна работа и постигнување поголема самодоверба за користење на својот талент
- Поголема социјализација
- Отвореност за соработка и работење во група составена од ученици од различна возраст
- Со поголема слобода се зголемува мотивацијата,концентрациата и желбата за творење
- Разубавување на училишната средина
- Создавање на трајни вредности ,видливи резултати и можност своите квалитети и идеи да ги презентираат на другите

**Временска рамка:учебна 2024/25**

**Планирани активности:**

**1.Изработка на ѕиден мурал во голем формат во холот на училиштето на тема Сончев систем.**

- Целта за изработка на овој мурал е за едукација на децата според наставните содржини кои ги обработуваат на училиште.Исто така и естетско разубавување на училишниот простор и опкружувањето на учениците и вработените.

Финансиски план и ресурси:

| РЕСУРСИ | ФИНАНСИИ | КОЈ ФИНАНСИРА |
|---|---|---|
| • Слободен простор(Ѕид) | / | Училиштето |
| • Акрилни бои(Црвена,жолта,сина,бела и црна)секоја по 1 кг | 5x295.00=1.475денари | Училиштето |
| • Четки(1 четка петка ,3 четки двојки,мал валјак) | 250.00 денари | Училиштето |
| • Стиропор 10ка -десет табли | 900.00 денари | Училиштето |
| • Дрвофикс | 265.00 денари | Училиштето |
| • Поликолор една канта од 20 кг | 500.00 денари | Училиштето |

**2.Реконструкција на споменикот во паркот пред училиштето.**

- Целта на оваа активност е да се реконструира и заштити веќе постоечкиот споменик на кој се наоѓа и логото на нашето училиште.

Финансиски план и ресурси:

| РЕСУРСИ | ФИНАНСИИ | КОЈ ФИНАНСИРА |
|---|---|---|
| • Постоечкиот споменик во паркот | / | / |
| • 1 вреќа цемент | 400.00денари | Училиштето |
| • Песок 1 кубик | 1500.00 денари | Училиштето |
| • Боја за метал(црвена,жолта,сина,бела и црна)секоја по 1 кг | 5x295.00=1.475денари | Училиштето |
| четки(1 четка петка ,3 четки двојки,мал валјак) | 250.00 денари | Училиштето |
| Окапник 3м | 4.500 денари | Училиштето |

**3.Декорирање(освжување на надворешниот/фасаден)ѕид на учлниците од одделенска настава ПУ Косел.**

Целта е со весели бои и цртеж/мурал со соодветна едукативна содржина да се направи престојувањето на учениците да им биде поубаво и поинтересно.

Финансиски план и ресурси:

| РЕСУРСИ | ФИНАНСИИ | КОЈ ФИНАНСИРА |
|---|---|---|
| • Слободен простор(Ѕид) | / | / |
| • Акрилен поликолор една канта од 20 кг | 500.00денари | Училиштето |
| • Акрилни бои(Црвена,жолта,сина,бела и црна)секоја по 1 кг | 5x295.00=1.475денари | Училиштето |
| • Четки(1 четка петка ,3 четки двојки,мал валјак) | 250.00 денари | Училиштето |

**4.Надградба на куќичката во холот на училиштето.Целта е да се добие поавтентичен изглед кој ќе го имитира изгледот на германските планински куќи.**

Финансиски план и ресурси:

| РЕСУРСИ | ФИНАНСИИ | КОЈ ФИНАНСИРА |
|---|---|---|
| • Шиндра за покривот 6 квадрати | 6x400=2.400 | Училиштето |
| • Лепак дрвофикс | 5x265.00=1.325 | Училиштето |
| • Боја за дрво (Црвена,жолта,сина,бела и црна)секоја по 1 кг | 5x295.00=1.475денари | Училиштето |
| • Четки(1 четка петка ,3 четки двојки,мал | 250.00 денари | Училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| валјак) | | |

**5.Едукативно уредување на скалите во ПУ КОсел,мудрости низ македонската азбуха од А до Ш.Цел е учениците секојдневно да се подсетуваат на мудростите на македонскиот народ и да го негуваат македонскиот фолклор и традиција.**

| РЕСУРСИ | ФИНАНСИИ | КОЈ ФИНАНСИРА |
|---|---|---|
| • Скалите во ходникот на училиштето | / | / |
| • Бои за метал(Црвена,жолта,сина,бела и црна)секоја по 1 кг | 5x295.00=1.475денари | Училиштето |
| • Четки(1 четка петка ,3 четки двојки,мал валјак) | 250.00 денари | Училиштето |
| • Маслен разредувач | 220.20 | Училиштето |

**6.Куќички за птици.Цел е да се направат живеалишта за птици со што ќе се пробуди свеста кај децата за природата и животинскиот свет**

| РЕСУРСИ | ФИНАНСИИ | КОЈ ФИНАНСИРА |
|---|---|---|
| • ОСБ табла | 1.350 денари | Училиштето |
| • Бои за метал(Црвена,жолта,сина,бела и црна)секоја по 1 кг | 5x295.00=1.475денари | Училиштето |
| • Четки(1 четка петка ,3 четки двојки,мал валјак) | 250.00 денари | Училиштето |
| • Маслен разредувач | 220.20 | Училиштето |
| • Дрвофикс | 5x265.00=1.325 | Училиштето |

**7.Тековни естетски уредувања поврзани со одбележување на значајни датуми,чија цел е свечено одбележување и афирмирање на културни настани во кои ќе бидат вклучени учениците преку конкурси,уредување на паноата во ходникот,изложби,изработка на украси,декорации,сценографии и сл.**

- Одбележување на 5-ти Октомври,светски ден на учителот
- Украсување,местење елка и изложба на тема,,Нова Година,,
- Изработка на честитки и изложба по повод 8-ми Март
- Активности по повод Денот на екологијата
- ,,Априлијада,,
- Сценографија и изложба по повод Патрониот празник на училиштето
- Изработка на украси,изложба и базар по повод Велигденските празници

**ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ, НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ**
**(во училиштето и училишниот двор)**

# К О Д Е К С

## Н А

## ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

Овде учеше татко ми. Сега учам јас. Утре ќе учат моите деца. Ова е наш дом.

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

* Основното образование е задолжително. Доколку не доаѓаш на училиште, твоите родители ќе бидат виновни затоа што ќе останеш без основно образование. А доколку редовно доаѓаш, НАЈГОЛЕМАТА КОРИСТ Е ТВОЈА.

* Дојди на училиште 10 минути пред почетокот на часот. Така ќе можеш смирено и сконцентрирано да ја следиш наставата и да ги искористиш сите 40 минути од часот. Можеби ти изгледа неверојатно, НО ТОА Е НАВИСТИНА КОРИСНО. Немој да дозволиш твоето доцнење да биде причина за прекинување на часот.

* Носењето домашни работи и комплетен прибор за работа е предуслов за на часот да се чувствуваш сигурно и опуштено, а исто така ЌЕ МОЖЕШ И АКТИВНО ДА СЕ ВКЛУЧИШ ВО НАСТАВАТА.

* Како и за се друго, така и за време на часот најважно е да се почитуваш СЕБЕ СИ. Настојувај сите да молчат и да те слушаат кога ти зборуваш. Тоа е минимум почитување што си го должиш себе си и на другите. За да го имаш тоа, СЛУШАЈ И ВНИМАВАЈ КОГА ДРУГ ЗБОРУВА.

* НА ЧАСОВИТЕ ЗБОРУВАЈ САМО ТОГАШ КОГА НАСТАВНИКОТ (НАСТАВНИЧКАТА) ЌЕ ТИ ДОЗВОЛИ. Не е културно без да побараш дозвола од наставникот (наставничката) и без да си сигурен дека сите те слушаат, да кажуваш и дофрлуваш работи.

* Дошепнувањето на другите за време на часот само привидно е знак на добро другарство. Во суштина тоа е потценување на неговите/нејзините способности да научи, потхранување на неговата/нејзината мрзливост и неодговорност, како и ОМАЛОВАЖУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИОТ ТРУД.

* Да џвакаш мастика на часот, е исто толку непристојно како да зборуваш со некој, а устата да ти е полна со храна. ТОА ЗБОРУВА ЗА ТВОЈАТА ЕЛЕМЕНТАРНА КУЛТУРА.

* На часовите исклучи го твојот мобилен телефон. Мобилните телефони се приватна работа, а својата приватност секој треба да си ја задржи за себе и со неа да не ги загрозува другите. ТВОЕТО не може да биде поважно од НАШЕТО.

* Облеката што ја носиш јасно зборува за твојата личност. Таа секогаш го одразува вкусот и стилот на една личност, која треба да биде почитувана. ОБЛЕКАТА СО КОЈА ДОАЃАШ НА УЧИЛИШТЕ ТРЕБА ДА БИДЕ ПО ТВОЈ ВКУС, НО МОРА ДА БИДЕ ПРИСТОЈНА И УРЕДНА. Непристојно е да се дојде на училиште со прекратки сукњички, по кратки шорцеви, маички на рамчиња со длабоко деколте и со гол стомак, проѕирна или нечиста облека. Исто така непристојно е да се има нечиста и неуредна коса.

* И тогаш кога си замислен/а или загрижен/а, не заборавај возрасните и твоите другарчиња да ги поздравиш со "Добар ден", "Довидување", "Пријатно" и сл. Со тоа нив ќе ги расположиш, а ТИ НЕМА ДА БИДЕШ ОШТЕТЕН.

* Секој ученик на училиште треба да ги носи само учебниците, тетратките, училишниот прибор и опрема што му се потребни за тој ден. Ако одлучиш да носиш скапоцени предмети на училиште, тоа нека биде на ТВОЈА ОДГОВОРНОСТ. Доколку се оштетат или изгубат, немој да обвинуваш никого.

* Носењето предмети што можат да ги повредат другите во училиштето, може ЗАСЕКОГАШ ДА ТЕ ПОСТАВИ ВО ЦЕНТАР НА ВНИМАНИЕ КАКВО ШТО НЕ ПОСАКУВАШ. Размислувај на време и остави ги таквите предмети дома.

* Почитувањето на возрасните, дури и тогаш кога не се по твој вкус, дури и тогаш кога не се твои наставници, може да се искаже на безброј различни начини. Отстапување место, учтиво поздравување, пропуштање при влез на врата и слично. Се подразбира дека тоа е нешто што се научило уште во најраните години во семејството. УЧИЛИШТЕТО Е ПРАВО МЕСТО ЗА ДА СЕ ПОКАЖЕ НАУЧЕНОТО.

❄ Влегувањето во канцелариите во училиштето ќе биде поедноставно доколку КУЛТУРНО ТРОПНЕШ НА ВРАТАТА. Во тој случај, сигурно ќе добиеш љубезен одговор.

❄ Бегањето од часови само привидно го решава проблемот, што во суштина станува сѐ поголем. Навремено завршувај ги своите обврски, а доколку тоа не си го направил/а, БИДИ ДОВОЛНО ХРАБАР/ХРАБРА И СООЧИ СЕ СО ПРОБЛЕМОТ. Ќе сфатиш дека тој е помал, отколку да бегаш од часови.

❄ Отсуството од училиште пристојно најави го кај твојот одделенски раководител, доколку не е од здравствени причини. Доколку е од здравствени причини, навреме донеси лекарско оправдание. Основен знак на пристојност Е КОГА НА НЕКОЈ КОЈ ТЕ ОЧЕКУВАЛ, МУ ОБЈАСНИШ ЗОШТО НЕ СИ ДОШОЛ.

❄ Биди искрен/а. Не срами се од својата вистина колку и да ти е непријатно. И НАЈНЕПРИЈАТНАТА ВИСТИНА Е ПОДОБРА ОД НАЈМАЛАТА ЛАГА. Секоја лага брзо се открива и дури тогаш навистина станува непријатно.

❄ Ѕвонењето за завршување на часот е известување за наставникот, не за тебе. За тебе часот е завршен тогаш кога наставникот ќе каже дека ЧАСОТ Е ЗАВРШЕН.

❄ Училишниот имот ни користи на сите нас. Не е во ред твоето незадоволство да го изразуваш на училишниот имот. Немој да се правиш посилен/посилна од она што самото не може да се брани. Ако направиш материјална штета, твоите родители ќе мораат да платат. ОД ТАКВАТА ШТЕТА ТИ НЕМАШ КОРИСТ.

❄ Престојот во уредна и чиста околина на секого повеќе му одговара. Училницата во која престојуваш, училиштето и училишниот двор ќе бидат онакви какви ТИ ќе ги направиш. Затоа не фрлај ѓубре околу себе, НЕ ОСТАВАЈ ТАКВИ ТРАГИ ПО ТЕБЕ! Ако ни требаш, ќе те пронајдеме и без такви траги!

❄ БАРАЈ од сите безусловно, ГЛАСНО И ЈАСНО - од возрасните и од твоите врсници - со пушење, пиење алкохол

и користење дрога да не го загрозуваат твоето здравје, доколку веќе одлучиле да го загрозуваат нивното. Тоа е НИВЕН избор, но посочи им дека е погрешен. Ќе им бидеш подобар другар од оној кој ги наговорил на тоа. НИКОЈ НЕМА ПРАВО ДА ГО ЗАГРОЗУВА ТВОЕТО ЗДРАВЈЕ!

❄ Кажи НЕ на цигарите, алкохолот и дрогата. Никој не може да те убеди дека тоа е добро, кога знаеш дека сите тие работи најпрво ги зема здравиот човек, а потоа тие го земаат болниот човек.

❄ Биди внимателен, нежен и грижлив кон најмалите ученици во училиштето. ТИЕ ЕДИНСТВЕНО ОД ТЕБЕ МОЖАТ ДА НАУЧАТ КАКО ДА СЕ ОДНЕСУВААТ. Ако поголемите ученици се однесувале лошо со тебе кога ти си бил најмал ученик во училиштето, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и кој ќе постапи поинаку. Тие ќе знаат тоа да го препознаат и ценат кај тебе. Ќе имаш многу ГОЛЕМИ другарчиња во тие најмали ученици.

❄ Изненади ги твоите другарчиња и секое недоразбирање со нив, реши го така што ПРВ/А ќе пружиш рака за да се смирите. САКАЈ ГО ТОА ШТО СМЕ СИТЕ РАЗЛИЧНИ. Замисли само колку би било досадно да сме сите подеднакво паметни и подеднакво убави! БИДИ ОРИГИНАЛЕН (ОРИГИНАЛНА), но не на сметка на тие до тебе. На различноста не гледај како на ѕид или препрека, туку како на богатство и како на можност да се надополнуваш себе си, да запознаваш други обичаи, друга вера, друг начин на живот.

❄ Искажи го твоето мислење или незадоволство јасно и гласно, но не со НЕПРИСТОЈНИ и ВУЛГАРНИ, туку со ПРИСТОЈНИ, ДОБРО ИЗБРАНИ и ЧОВЕЧКИ зборови. Така поедноставно ќе го решиш секое недоразбирање со наставниците и со другарчињата.

❄ Решавањето на проблеми и конфликти со физичка пресметка и со агресивност е карактеристика на примитивните луѓе. ТИ СИГУРНО НЕ СИ ЕДЕН (ЕДНА) ОД НИВ.

✻ Пред да му дадеш на некого забелешка, ПРЕИСПИТАЈ СЕ СЕБЕ СИ. И ти сигурно имаш некоја мана што можеби не ја приметуваш. ОТСТРАНИ ГИ ПРВО ТВОИТЕ НЕДОСТАТОЦИ, ПА ПОТОА КРИТИКУВАЈ ГИ ДРУГИТЕ.

✻ Сигурно не ти е пријатно кога некој ти претура по училишната торба или по твоите фиоки и шкафчиња. Затоа и ти немој да им го правиш тоа на другите. СЕКОГАШ ПРАВИ ГО ОНА ШТО САКАШ И ТЕБЕ ДА ТИ ГО ПРАВАТ ДРУГИТЕ. Помагај во неволја, биди љубезен и однесувај се коректно и фер кон сите возрасни и ученици.

✻ Недисциплинираното и непримерно однесување во училиштето може да биде и казнето. Начините на казнување се строго пропишани со закон и запишани во посебни правилници. КОГА ЌЕ ПОЧУВСТВУВАШ КОЛКУ Е ЛЕСНО ДА СЕ ОДНЕСУВАШ ПРИСТОЈНО, ЗАКОНОТ И КАЗНИТЕ ТЕБЕ НЕМА НИ ДА ТИ ТРЕБААТ.

✻ Придржувај се кон овие правила и ќе видиш колку е УБАВО И ПРИЈАТНО ЧУВСТВОТО КОГА СЕБЕ СИ МОЖЕШ ДА СЕ СМЕТАШ ЗА ВИСТИНСКИ ЦИВИЛИЗИРАН ЧОВЕК.

## КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ

Не растат само децата. Растеме и ние родителите.
Колку и да ги набљудуваме децата за да видиме што ќе направат од својот живот, тие нè гледаат нас да видат што правиме ние со нашиот живот.

Затоа, не можеме да му кажеме на детето да посегне по ѕвездите.
**Сè што треба да направиме е ние родителите да посегнеме по нив.**



* Јас како родител имам право и обврска за учество во животот и работата на училиштето.

* Свесен/сна сум дека моето однесување и моите постапки се она што моето дете го имитира. Поради тоа внимавам како се однесувам, бидејќи МОЕТО ДЕТЕ Е МОЕТО ОГЛЕДАЛО. Децата прават она што гледаат дека правиме, а не она што слушаат дека им зборуваме да го прават.

* Јас како родител, СЕКОГАШ И СЕКАДЕ, имам на ум дека сум пример за моето дете.

* Јас како родител имам право да бидам запознаена со успехот, редовноста, дисциплината и однесувањето на моето дете во училиштето. Доколку не го добивам тоа на редовните родителски средби, имам право тоа да го побарам од воспитно- образовниот кадар во училиштето. Имам родителска обврска да се грижам за успехот, редовноста и однесувањето на моето дете во училиштето. Никој нема да го направи тоа за моето дете наместо мене.

* Јас како родител имам обврска да присуствувам на секоја закажана родителска средба или покана упатена за индивидуална (групна) средба со директорот, стручните соработници, одделенскиот раководител или друг наставник. На закажаните родителски средби сум секогаш редовен/на, точен/на и активен/на. Со тоа покажувам одговорност кон сопственото дете, заинтересираност за училишниот живот и неговиот развој, но и почит кон институцијата која се грижи за неговото воспитание и образование заедно со мене. Доколку сум оправдано спречен/на да присуствувам на закажана средба во училиштето, уредно и навремено го најавувам моето отсуство и се трудам во најкраток можен рок да го надоместам моето отсуство.

* Почитувам пристоен облик на комуникација со моето дете, помеѓу нас родителите, со наставниците и вработените во училиштето. Знам дека во училиштето е недопустливо користење на комуникација со закани, навреди, пцовки, напади и друг облик што предизвикува страв, омаловажување, непочитување, нетрпеливост кон поединци.

* На родителските средби го исклучувам мојот мобилен телефон. На тој начин ја почитувам институцијата училиште, го почитувам училишниот кодекс на однесување, покажувам дека сериозно ја сфаќам средбата на која треба да сум информиран/а за моето дете, а исто така ја покажувам мојата основна култура.

* Знам дека магичните зборови како: „Добар ден“, „Ве молам“, „Повелете“, „Благодарам“, „Извини“, почнуваат да се учат уште од дома.

* Свесен/сна сум дека децата дома учат да бидат искрени, да бидат на време (точни), да бидат вредни, да помагаат, како и да покажуваат почит кон возрасните и наставниците. Домот е место каде учат да бидат

организирани, да јадат со затворена уста и да не зборуваат кога устата им е полна со храна, да се грижат за своите работи, да не претураат по туѓи работи, да го фрлаат отпадокот во канти за отпадок. Училиштето е место каде се подучуваат децата за математика, јазици, географија, историја, биологија и сл. Училиштето само го зајакнува воспитанието што детето го добило во неговите најрани години дома.

* Знам дека времето треба да се почитува и дека не треба на наставникот да му одземам од часот за да го прашам за моето дете, бидејќи така им наштетувам на сите останати деца, а не само на моето. Поради тоа, јас го почитувам денот и терминот за консултација од наставникот со кого сакам да се консултирам. Не си дозволувам да го прекинувам часот од наставникот за нешто што може да почека.

* На часот е многу важно учениците да се концентрираат и да внимаваат, а секој разговор во ходникот може лесно да им го одвлече вниманието. Поради тоа, јас како родител без потреба не се задржувам по ходниците или другите простории во училиштето, не разговарам гласно и по телефон по училишниот хол додека има настава, па така сум сигурен/на дека не ја попречувам наставата на моето и на останатите деца.

* Училиштето е институција со свои органи и правила на однесување. Во него има доволно стручни лица кои ќе се погрижат за секој настанат проблем помеѓу учениците. Поради тоа, јас како родител не се впуштам во самостојно решавање на проблемите што моето дете евентуално ги има со друг ученик и се случиле на училиште. Исто така не користам непристојни зборови и навреди со другите деца, со кои можеби моето дете влегло во конфликт. Оставам училиштето да си ја заврши својата работа.

* Дете кое доживува малтретирање не е среќно дете. Јас не си дозволувам психички и физички да го малтретирам моето дете. Знам дека тоа е спротивно на законот, а и свесен/сна сум дека не е во ред да покажувам сила на некој кој природно е послаб од мене. Казнувајќи го своето дете на тој начин, се казнувам себеси на најлош можен начин.

* Наставниците се тие кои го подучуваат моето дете и систематски ги следат неговите постигнувања. Тие знаат најдобро која оцена ја заслужува. Јас како родител не си дозволувам да вршам притисок, да користам уцени и да барам повисока оцена за моето дете кај воспитно – образовниот кадар. Свесен/на сум дека со тоа ги омаловажувам способностите на моето дете и му правам лоша услуга.

* Политичките убедувања се лична работа, а јас како родител внимавам да го заштитам моето дете од разговори за политика и од моите политички убедувања. Се трудам да не доаѓа во допир со ништо што е политика. Воопшто не е родителски моето дете да го оптеретувам со

политика, со моите лично политички убедувања и од него да создавам мал политичар.

* Знам дека во училишните простории, училишниот хол и пред вратата од училиштето не е дозволно пушење цигари. Јас како родител тоа го почитувам, бидејќи сум свесен/на дека доколку пушам цигари во училишните простории, училишниот хол или пред вратата од училиштето, давам лош пример за моето и за останатите деца во училиштето. На тој начин го губам сопствениот авторитет како родител.

* Повеќе од јасно ми е дека еден од најважните модели за идентификација на моето дете е наставникот. Никогаш не си дозволувам пред моето дете да зборувам негативни работи за наставниците, да ја омаловажувам нивната професионалност и кај него да формирам негативна слика за неговите наставници. Наставниците мене не ми се непријатели, туку ПАРТНЕРИ во образованието и воспитанието на моето дете. Ние имаме заедничка цел, а тоа е добра иднина на моето дете.

* Учениците се должни во училиштето да доаѓаат чисти, уредни и пристојно облечени. Непристојно е да се дојде на училиште со прекратки сукњички, по кратки шорцеви, маички на рамчиња, длабоко деколте, гол стомак, проѕирна или нечиста облека, нечиста и неуредна коса. Јас како родител, се грижам моето дете секогаш да е чисто, уредно и пристојно облечено. Со тоа сум сигурна дека моето дете е пример за почитување на правилата во училиштето во тој поглед. Исто така, и јас како родител внимавам да сум уредна и пристојно облечена кога доаѓам во училиштето. Само така можам тоа да го барам и од моето дете.

* За евентуалното отсуство на моето дете поради оправдани причини, јас како родител имам обврска за тоа уредно и навремено да го информирам одделенскиот раководител на моето дете, директорот или стручната служба. За секое оправдано ослободување од било каква физичка активност, свесен/на сум дека треба да доставам медицинска белешка. На тој начин го почитувам законот за основно образование и куќниот ред на училиштето.

* Своето мислење го искажувам јасно и гласно на родителските средби или училишни состаноци кога имам можност за тоа, бидејќи знам дека секој конструктивен коментар или мислење може да води кон решение на некој проблем или пат до нова идеја. Вулгарни, навредливи и непристојни зборови не се дел од мојата комуникација со останатите родители и училишниот персонал, бидејќи тоа зборува лошо за мојата основна култура. Исто така се трудам да го искажувам своето мислење констурктивно во рамки на она што е тема на разговор и не си дозволувам да предизвикам дискусија која поттикнува агресивна комуникација, наликува на политичка дебата и опфаќа теми надвор од училишните интереси.

* Свесен/на сум дека мојата соработка со наставниците на моето

дете, со директорот и стручната служба од училиштето е клучна за моето дете да израсне во правилно воспитана, образована и одговорна личност. Постојаната и навремена комуникација со училишниот персонал ги подобрува условите за развој на моето дете, а од друга страна може да спречи евентуални негативни појави и последици. Тоа е она што секој родител го посакува за своето дете. Поради тоа, се трудам да не ги игнорирам евентуалните училишни проблеми, да соработувам со училишниот персонал и таа соработка да е континуирана, двонасочна и во интерес на заедничките цели за правилен раст и развој на моето дете.

* Свесен/сна сум дека секоја забелешка од наставниците за моето дете е добронамерна и се обидувам да прифатам секоја сугестија која доаѓа од нивна страна, сé со цел заедно да изградиме подобра личност. Никогаш не се впуштам во безусловна одбрана на моето дете пред наставниците, бидејќи знам дека никој не го напаѓа за да го бранам. Сé што правиме сите ние е само за негово добро.

* Една од целите на родителите за своето дете и на училиштето за учениците, е учење на децата на самостојност. Тоа нема да го постигнам доколку го носам моето дете секој ден до училницата (клупата), го чекам пред вратата од училницата додека трае наставата, доколку пишувам домашни задачи наместо него и сл. Напротив, дозволувам моето дете да е самостојно во работите онолку колку што дозволува неговата возраст и неговите способности. Секој родител ја знае границата за своето дете, каде престанува вистинската потреба од заштита и помош, а каде почнува личната одговорност и самостојноста.

* Меѓу нас родителите постои фер и коректен однос, меѓусебно почитување, почитување на мислењето на другиот, почитување на личното достоинство на секој родител и заедничка желба да се допринесе за подобар училишен живот на нашите деца и посветла иднина воопшто.

* Часовите по физичко и здравствено образование неретко се одржуваат во училишниот хол. Кога ние родителите седиме во ходникот и ги гледаме нашите деца како работат на часот по ФЗО, свесно ја попречуваме наставата, бидејќи од една страна му пречиме на наставникот нормално да ја реализира наставата, а од друга страна нашите деца не се доволно концентрирани за да бидат целосно посветени на часот. Поради тоа, јас како родител не си дозволувам со моето присуство во училишниот хол, непотребно да ја попречувам наставата на моето дете. Доколку имам потреба да го чекам него или некој наставник, тоа го правам во училишниот двор.

* Секој човек без разлика на својата професија има своја лична приватност, која не треба да се нарушува доколку нема итна и битна потреба. Јас како родител ја почитувам приватноста на наставниците на моето дете и не си дозволувам да ги барам на телефон во нивното слободно време после работа. Ја почитувам нивната приватност и го

почитувам нивниот термин за консултација со родители. Тогаш разговарам со нив за моето дете.

* Секој вложен труд заслужува внимание. Кога доаѓам на училишните приредби, со внимание и почит ги следам сите точки што учениците ги подготвиле заедно со нивните наставници. На истите сум тивок/ка, не зборувам и не си одам откако ќе заврши точката во која учествува моето дете, бидејќи со тоа би покажал/а непочитување кон останатите деца и нивниот труд, а исто така со моето заминување ги спречувам останатите родители да уживаат во точките на своите деца. Тоа е минимум основна култура што можам да ја покажам на ваков настан и така сум позитивен пример и на останатите родители.

* Воспитно – образовниот кадар во училиштето каде учи моето дете е стручен, соодветен и совесно си ја извршува својата работа. Јас како родител имам потполна доверба дека тие знаат во која паралелка да го распределат моето дете и со кого ќе го седнат во клупа. Не си дозволувам да се мешам во нивната работа и да барам да биде распределено во определена паралелка, или пак уште помалку да кажувам со кого да седи. Со тоа покажувам почит кон институцијата училиште, почит кон кадарот што се грижи за моето дете, а и поддржувам рамноправност и недискриминација во училиштето за моето и за останатите деца.

* Воспитно – образовниот кадар точно си ја знае својата работа и своето поле на делување. Кога сакам да решам некој „проблем“ во врска со моето дете, најпрво се обраќам до одделенскиот раководител и доколку тој смета дека проблемот не треба да оди до стручната служба и директорот, јас како родител го почитувам тоа. Со тоа, ја почитувам хиерархијата во училиштето, правилата на однесување, како и личноста на одделенскиот раководител кој е втор родител на моето дете. Не е во ред „проблемите“ со моето дете да се обидувам да ги решам директно кај директорот или стручната служба, прескокнувајќи го притоа одделенскиот раководител.

* Она што мене ме интересира е моето дете и неговиот личен раст и развој. Кога доаѓам во училиштето барам информации само за моето дете и не ме интересираат информации за други деца, доколку тоа некако не е поврзано со моето дете. Со сите структури во училиштето разговарам само за моето дете, бидејќи само тоа е мое. Не е фер да се бараат информации кои не се наши и јас го почитувам тоа.

* Во разговор со наставниците се обидувам да не го споредувам своето дете со другите ученици од паралелката, бидејќи сум свесен/на дека тоа не е правилно и дека секое дете си е своја личност. Наставниците најдобро знаат како да ги проценуваат индивидуалните ученички постигнувања. Со тоа ја почитувам личноста на моето дете, личноста на останатите деца и професионалноста на наставниците.

* Училишниот мебел е нешто што им служи на сите деца во

училиштето, а им служело и на многу генерации претходно. Јас своето дете го воспитувам да го чува и да не го оштетува училишниот мебел. Доколку моето дете учествува во некакво оштетување или уништување на училишниот мебел, јас како родител прифаќам одговорност соодветно да ја надоместам направената парична штета.

* Секогаш се трудам да сум активен/на и да дадам свој допринос кога сум претставник од родителите во Совет на родители, Училишен одбор или некоја друга структура. Родителите ме избрале да ги застапувам и штом сум ја прифатил/а таа улога, треба да ја оправдам довербата.

* Секогаш се трудам одговорам на поканата да пополнам анкета, прашалник или интервју во врска со училиштето, бидејќи сакам да дадам свој допринос во животот и работата на училиштето. Исто така несебично се вклучувам во вон наставни активности, проекти или настани, каде со задоволство го давам својот максимум. Само така се чувствувам како дел од училишниот живот на моето дете.

* Јас како родител секогаш редовно и навремено ги подмирувам обврските околу екскурзија, гледање претстава, купување списание, сликање за крај година и слични работи за моето дете. Тоа го правам, бидејќи не сакам да сум причината поради која моето дете ќе пропушти можност за заеднички моменти, дружења и културно издигнување со неговите соученици.

Со однесување во склад со нашиот Кодекс покажуваме почит кон себеси, кон нашите деца, почит кон родителството, како и одговорност кон нашата родителска улога.

Непостапување во согласност со начелата на овој Кодекс за однесување на родители, односно нивно свесно кршење, претставува повреда на родителската чест, родителските права и обврски во училиштето.

Поради тоа, секој кој го крши Кодексот може да биде повикан на одговорност од страна на Советот на родители во рамки на ОУ „Ванчо Николески“

# К О Д Е К С
# Н А
# О Д Н Е С У В А Њ Е
## за наставници
## и
## стручни соработници

Децата се најубавиот ЦВЕТ, а возрасните треба да бидат добри ГРАДИНАРИ, кои треба да ги негуваат и чуваат, за иднината да им биде поубава.
Денешните деца ќе станат возрасни на иднината.

Упати го ДЕТЕТО на патот по кој треба да оди и тоа никогаш нема да скршне.

Децата се нашето НАЈГОЛЕМО БОГАТСТВО и треба искрено со љубов да се прегрнат и во нив да се ИНВЕСТИРА се повеќе и повеќе, бидејќи тие се наша
СЕГАШНОСТ и наша ИДНИНА, наша ДОБЛЕСТ.

# ДА ГО ЗАЧУВАМЕ ДОСТОИНСТВОТО НА НАШАТА БЛАГОРОДНА ПРОФЕСИЈА

Бидејќи учителската професија е исклучително сложен и општествено важен процес, неопходно е да остваруваме висок степен на професионалност и морална одговорност.

* Ние како наставници сме должни СОВЕСНО И ОДГОВОРНО да го спроведуваме процесот на образование и воспитание во училиштето, ДА ЈА ПОЧИТУВАМЕ ВРЕМЕНСКАТА РАМКА во планирањето, подготовката и изведувањето на воспитно - образовната работа.

* СВЕСНИ СМЕ ДЕКА НАШЕТО ЗНАЕЊЕ, НАШИОТ УСПЕХ ВО РАБОТАТА И АВТОРИТЕТОТ ПРЕД УЧЕНИЦИТЕ НАЈМНОГУ ЗАВИСИ ОД НАШЕТО ПРОФЕСИОНАЛНО НАДГРАДУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ. Поради тоа земаме активно учество на сите потребни семинари и обуки, присуствуваме и соработуваме на состаноците и стручните активи во училиштето, а исто така разговорите помеѓу себе ги користиме за разменување знаења и информации, се со цел да се подигне квалитетот на нашата работа. НА ТОЈ НАЧИН ПРЕКУ ДИЈАЛОГ, РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И ТОЛЕРАНЦИЈА, НИЕ ПРОФЕСИОНАЛНО СЕ НАДГРАДУВАМЕ, А СО ТОА СМЕ ВО ЧЕКОР СО СОВРЕМЕНИТЕ ОБРАЗОВНИ СТАНДАРДИ. НАШАТА ПРИКАЗНА ПРЕД УЧЕНИЦИТЕ ДЕКА ЧОВЕКОТ УЧИ ДОДЕКА Е ЖИВ, САМО ТАКА ИМА СМИСЛА.

* Ние како наставници, СЕКОГАШ И СЕКАДЕ, во училиштето и на јавно место, ИМАМЕ НА УМ ДЕКА СМЕ ПРИМЕР ЗА УЧЕНИЦИТЕ.

* Во училиште е недопустливо користење на облик на комуникација со закани, навреди, псовки, напади, неосновани забрани и притисоци, што предизвикуваат нетрпеливост, страв, несигурност и омаловажување на поединци, пречка во напредокот на учениците како и во професионалниот развој на училиштето. НИЕ НАСТАВНИЦИТЕ ПОЧИТУВАМЕ ПРИСТОЕН И НОРМАЛЕН ОБЛИК НА КОМУНИКАЦИЈА.

* Ние наставниците СЕКОГАШ И СЕКАДЕ ВНИМАВАМЕ НА НАШИОТ ГОВОР и настојуваме тој да е ПРИСТОЕН, ЛИТЕРАТУРЕН, ЈАСЕН И ДОСТОИНСТВЕН.

* Во училницата влегуваме веднаш после ѕвончето што означува почеток на часот. СО ТОА НА УЧЕНИЦИТЕ ИМ ГО ПОКАЖУВАМЕ СВОЈОТ ОДНОС КОН РАБОТАТА, ИМ ЈА ПОКАЖУВАМЕ СВОЈАТА ОДГОВОРНОСТ КАКО НАСТАВНИЦИ, ИМ ПОКАЖУВАМЕ ДЕКА ГО ПОЧИТУВАМЕ ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ЧАСОТ и не им дозволуваме Iнеорганизирано времеr, во кое најчесто се прави неред.

* НА ЧАСОВИТЕ ГИ ИСКЛУЧУВАМЕ НАШИТЕ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ. На тој начин сме најдобар пример за нашите ученици дека имаме сериозен пристап во работата, дека си го почитуваме предметот што го предаваме, а исто така ја покажуваме нашата основна култура.

* За време на часот од учениците БАРАМЕ да не почитуваат нас и другите ученици. Бараме да се внимателни и да умеат внимателно да ислушаат кога друг зборува.

* Ние наставниците од нашето училиште ја почитуваме личноста на сите ученици подеднакво: ГИ ВОДИМЕ, ГИ НАСОЧУВАМЕ, ГИ ПОДУЧУВАМЕ, ГИ СОВЕТУВАМЕ, ИМ УКАЖУВАМЕ. Било какво навредување, понижување, омаловажување и дискриминирање на учениците - не е наш стил на работа, бидејќи знаеме дека тоа има негативен ефект на учениците.

* Во работата со учениците, кај нив поттикнуваме слободен, одговорен и сериозен пристап кон учењето, а во пренесување на знаењата ПРИМЕНУВАМЕ НАЈВИСОКИ НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПРОФЕСИОНАЛНИ И ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ. Учениците ги поучуваме така што ги оспособуваме знаењето кое го стекнуваат, да умеат да го стават во функција на решавање проблеми.

* Ние наставниците сме принципиелни, БАРАМЕ АКТИВНОСТ И ЗНАЕЊЕ ОД УЧЕНИЦИТЕ, но истовремено СМЕ И ТОЛЕРАНТНИ И ВНИМАТЕЛНИ кон учениците во училиштето.

* Знаеме дека попуштањето на учениците од страна на наставниците, само привидно е знак на добар однос со нив. Во суштина тоа е потценување на нивната способност да научат, поддржување на нивната мрзливост и неработење, како и омаловажување на нашиот труд. СВЕСНИ СМЕ ДЕКА ТОА БИ БИЛО НАША ЛОША УСЛУГА КОН НИВ. Во заблуда е секој наставник кој мисли дека им помага на таков начин. ЗАТОА НИЕ НЕ ГО ПРАВИМЕ ТОА, ТУКУ НАШИТЕ УЧЕНИЦИ ЈА ДОБИВААТ ОЦЕНАТА ШТО ЈА ЗАСЛУЖИЛЕ.

* Учениците ги оценуваме врз основа на покажаното знаење, изнесените факти, сфаќањето на материјалот, нивната активност, како и врз основа на стекнатите вештини и покажаните способности наученото да го применат во нова ситуација. Целосно го почитуваме ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ЗА ОЦЕНУВАЊЕ, оценуваме праведно, чесно, нашиот критериум е објективен, еднаков за сите, и претходно образложен пред нашите ученици. УЧЕНИЦИТЕ ГИ ОЦЕНУВАМЕ ЈАВНО, БИДЕЈЌИ ОЦЕНИТЕ СЕ НИВНИ, А НАША Е ГОРДОСТА ЗА НИВНИОТ ПОСТИГНАТ УСПЕХ.

* ЗАЕДНО И СЛОЖНО одолеваме на секој вид уцена и притисоци, мито и корупција и на сите други облици на нечесно влијание, кои доведуваат до кршење на стручните критериуми. Знаеме дека тоа претставува најгруба повреда на правилата на однесување во образованието и со тоа директно се фрла сенка на угледот на нашето училиште.

* НИКОЈ ОД НАС НЕ СИ ДОЗВОЛУВА ПСИХИЧКИ И ФИЗИЧКИ ДА ГИ МАЛТРЕТИРА УЧЕНИЦИТЕ. Знаеме дека тоа е спротивно на

законот, а и свесни сме дека не е во ред да покажуваме сила на некој кој е природно послаб од нас. Поговорката ІЌотекот излегол од рајотг можеби е наменета за родителите, но сигурно не е наменета за наставниците.

* Нашите верски, политички, национални, религиозни и други убедувања се наша лична работа. НЕ Е ЧОВЕЧКИ НАШИТЕ УЧЕНИЦИ ДА ГИ МАЛТРЕТИРАМЕ СО НАШИТЕ ЛИЧНИ УБЕДУВАЊА.

* Во училница, во училишниот хол, во училишниот двор и во непосредна близина на училиштето не е дозволено пушење цигари, како ни доаѓање на работното место под влијание на алкохол или дрога. Ние наставниците тоа го почитуваме, бидејќи СВЕСНИ СМЕ КОЛКУ ЛОШ ПРИМЕР ИМ ДАВАМЕ НА УЧЕНЦИТЕ ДОКОЛКУ ПУШИМЕ ЦИГАРИ ВО УЧИЛНИЦА, ВО УЧИЛИШНИОТ ХОЛ, ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР, ИЛИ ДОКОЛКУ НА РАБОТА ДОАЃАМЕ ПОД ДЕЈСТВО НА АЛКОХОЛ. СИГУРНИ СМЕ ДЕКА ТАКВОТО ОДНЕСУВАЊЕ БИ ВОДЕЛО ДО ГУБЕЊЕ НА НАШИОТ АВТОРИТЕТ ПРЕД УЧЕНИЦИТЕ.

* НИЕ НАСТАВНИЦИТЕ СМЕ ДОЛЖНИ ВО УЧИЛИШТЕТО ДА ДОАЃАМЕ ПРИСТОЈНО И УРЕДНО ОБЛЕЧЕНИ. Непристојно е да се дојде на училиште со прекратки сукњички, по кратки шорцеви, маички на рамчиња со длабоко деколте и со гол стомак, проѕирна или нечиста облека. Исто така непристојно е да се има нечиста и неуредна коса. ТОА ШТО Е НЕПРИСТОЈНО ЗА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ, ВАЖИ И ЗА НАС.

* Евентуалното наше отсуство УРЕДНО И НАВРЕМЕНО ГО НАЈАВУВАМЕ кај директорот или секретарот на училиштето, поради организација на наставата.

* Нашето мислење го искажуваме јасно и гласно, со меѓусебен разговор и избрани зборови со колегите, со учениците и со родителите. ВУЛГАРНИ И НЕПРИСТОЈНИ ЗБОРОВИ НЕ КОРИСТИМЕ, БИДЕЈЌИ ТИЕ ЗБОРУВААТ ЛОШО ЗА НАШАТА ОСНОВНА КУЛТУРА.

* МЕЃУ НАС НАСТАВНИЦИТЕ ВЛАДЕЕ ТВОРЕЧКА АТМОСФЕРА И ПРОФЕСИОНАЛЕН ОДНОС КОН РАБОТАТА. Нашиот меѓусебен однос се темели на колегијалност, меѓусебно почитување, почитување на стручноста на другиот, знаењето и личното достоинство на секој од нас. Се темели на помош и соработка во работата, како и на колективна солидарност.

* Кога станува збор за професионална тајна, ја чуваме подалеку од учениците и родителите се до моментот на нејзино официјално објавување. НА ТОЈ НАЧИН ГО ЧУВАМЕ НАШЕТО ДОСТОИНСТВО И ДОСТОИНСТВОТО НА НАШИТЕ КОЛЕГИ.

* Свесни сме дека сите поголеми проблеми можат да се случат за време на одморите кога учениците се без контрола од наставник. Поради тоа СИТЕ НИЕ СОВЕСНО СИ ЈА ОБАВУВАМЕ ОБВРСКАТА ЗА ДЕЖУРСТВА. Родителите ги довериле нивните деца на наша одговорност. Не смееме да ја изгубиме таа доверба.

* Училишниот имот, опрема и потрошен материјал ГИ КОРИСТИМЕ САМО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ.

* БАРАМЕ од учениците да се грижат за просторот во кој сите заедно престојуваме. Да не фрлаат ѓубре насекаде, да го украсуваат просторот, да го оплеменуваат и негуваат. А НИЕ ИМ ДАВАМЕ ПОЗИТИВЕН ПРИМЕР ВО ВРСКА СО ТОА, И САМИТЕ ГРИЖЕЈЌИ СЕ ЗА ПРОСТОРОТ ШТО НЕ ОПКРУЖУВА.

* Информирањето на родителите за развојот и однесувањето на ученикот е НАША НЕИЗБЕЖНА ОБВРСКА КАКО НАСТАВНИЦИ. Соработката со родителите ни е континуирана, што го покажува високото ниво на релација наставник - родител - ученик. Свесни сме дека навремената соработка со родителите е можност за спречување на голем број негативни појави.

* Без разлика за каков ученик станува збор, во нашето училиште се негува ставот дека сите ученици, имаат потреба од посета на родители. Сите родители се добредојдени да соработуваат за доброто на нивните деца. Во соработката со родителите избегнуваме наметнување на чувство на супериорност или инфериорност. РАМНОПРАВНОСТА ВО КОМУНИКАЦИИТЕ ЗБОРУВА ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ОДНОСИТЕ.

* Со однесувањето во склад со нашиот кодекс си искажуваме почит кон себе и кон другите, а исто така ги чуваме достоинството на професијата и училиштето.

* Однесувањето во склад со нашиот кодекс, гарантира единственост во барањата во поглед на однесувањето на учениците во училиштето, што е предуслов за воспитно - образовен ефект.

* Непостапување во согласност со начелата на овој КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ, односно нивно свесно кршење, преставува повреда на честа и работните обврски на наставникот. Поради тоа, секој кој го крши кодексот може да биде повикан на одговорност од страна на Училишниот Одбор на училиштето.

